| Активности | Индикатори | Водечки институции | Институции учесници | Рок за спроведување | Степен на спроведување | Спроведени активности по индикатори | Финансиски средства со кои е спроведена | Ризици и проблеми и предлози за надминување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пополнува Одделението за соработка со НВО | Пополнува Одделението за соработка со НВО | Пополнува Одделението за соработка со НВО | Пополнува Одделението за соработка со НВО | Пополнува Одделението за соработка со НВО | Пополнува Одделението за соработка со НВО | Пополнува водечката институција | Пополнува водечката институција | Пополнува водечката институција |
| **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 1: НОРМАТИВНА, ИНСТИТУЦИОНАЛНА И ФИНАНСИСКА РАМКА ЗА РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР** | | | | | | | | |
| **МЕРКА 1: Измени на Законот за здруженија и фондации (во насока на воспоставување функционален модел за стекнување со статус на организација од јавен интереси на проекти од јавен интерес имплементирани од организација која нема статус на организација од јавен интерес, правно препознавање на неформалните групи, прецизирање на одредбите за непартиско дејствување и влијание на избори, утврдување на условите за распределба и користење на средства од Буџетот на Република Северна Македонија од граѓанските организации, вклучително и спроведување на мониторинг на трошењето на средствата, како и гарантирање на независноста на граѓанските организации и утврдување на правна рамка за јавно-цивилно партнерство)** | | | | | | | | |
| 1.1. Иницирање и спроведување на консултации со јавноста со цел да се оцени спроведувањето на Законот за здруженија и фондации во претходниот период | 1. Одржани најмалку две јавни консултации и/или тркалезни маси<br>2. Број на граѓански организации вклучени во јавните консултации и тркалезни маси<br>3. Број на доставени коментари и забелешки на спроведувањето на Законот<br>4. Заклучоците за спроведувањето на Законот за здруженија и фондации во претходниот период се подготвени и објавени | МП | ГС-Одд.НВО | III/2018 | во тек | Во Министерството за правда во тек се консултации и активности со граѓанскиот сектор за формирање на работна група за изменување и дополнување на Законот за здруженија и фондации. На<br>3.12.2018 Одделението за соработка со НВО иницираше состанок со проектот „Национален ресурсен центар за граѓански организации“ (финансиран од Европската Унија, а спроведуван од МЦМС, Медиа плус Штип и АДИ Гостивар), за организирање на јавни консултации за Законот за здруженија и фондации, во соработка со Министерството за правда. | | |
| 1.2. Анализа на потребите за изменување на Законот за здруженија и фондации (особено во делот на воспоставување функционален модел за стекнување со статус на организација од јавен интерес и на проекти од јавне интерес имплементирани од организација која нема статус на организација од јавен интерес , правно препознавање на неформалните групи, прецизирање на одредбите за непартиското дејствување и влијанија на избори, утврдување на условите за распределба и користење на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија од граѓански организации, вклучително и спроведување на мониторинг во трошењето на средствата, како и гарантирање на независноста на граѓанските организации, утврдување на правна рамка за јавно-цивилно партнерство, вршење на економски активности од непрофитни организации) | 1. Заклучоци за потребата да се измени Законот за здруженија и фондации во делот на организации од јавен интерес, правно препознавање на неформалните групи, непартиско дејствување и влијанија врз избори, услови за распределба и користење на средства од буџетот за граѓанските организации, утврдување на правна рамка за јавно-цивилно партнерство, вршењето на економски активности од непрофитни организации и други области кои ќе бидат идентификувани како неопходни за изменување<br>2. Одржана е седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор на тема измени на Законот за здруженија и фондации и земени се предвид заклучоците од седницата на Советот<br>+A8 | МП | ГС-Одд.НВО | III/2018 | доцни | Поврзано со 1.1. | | |
| 1.3. Подготовка на измени на Законот за здруженија и фондации врз основа на јавните консултации (поврзано со активности 1.1. и 1.2.) | 1. Подготвени се измените на Законот за здруженија и фондации и тие содржат измени во врска со:<br>- воспоставување функционален модел за стекнување со статус на организација од јавен интерес<br>- воспоставување функционален модел за стекнување со статус на проекти од јавен интерес имплементирани од организација која нема статус на организација од јавен интерес<br>- правно препознавање на неформалните групи<br>- прецизирање на одредбите за непартиско дејствување и влијание на избори<br>- утврдување на условите за распределба и користење на средствата од Буџетот на Република Северна Македонија од граѓанските организации, вклучително и спроведување на мониторинг во трошењето на средствата, како и гарантирање на независноста на граѓанските организации<br>- утврдување на правна рамка за јавно-цивилно партнерство<br>- вршење на економски активности од страна на непрофитни организации (обврски за здруженијата и фондациите да го регулираат спроведувањето на економските активности во својот статут) | МП | | IV/2018 | доцни | Поврзано со 1.1. | | |
| **МЕРКА 2:  Анализа на ефектите и избор на најпогоден модел за даночен третман на граѓанските организации** | | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1. Спроведување на јавни консултации за предизвиците и искуствата со цел избор на најпогоден модел за даночен третман на граѓанските организации | 1. Број на одржани јавни консултации и тркалезни маси<br>2. Број на граѓански организации вклучени во јавните консултации и тркалезни маси<br>3. Број на координативни состаноци со релевантните државни институции<br>4. Седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор на тема анализа на сегашната состојба во врска со даночниот третман и препораките за најпогоден модел за даночен третман на граѓанските организации<br>5. Објавена е анализа за сегашната состојба во врска со даночниот третман и препораките за најпогоден модел за даночен третман на граѓанските организации | МФ | | III-IV/2018 | во тек | 1. Во просториите на Министерството за финансии како и во други институции беа спроведени бројни јавни дебати во однос на изборот на најпогоден даночен модел за граѓанските организации. 2. Вклучени беа најмалку 3 граѓански организации, КОНЕКТ, МЦМС и други. 3. Одржани беа повеќе состаноци со повеќе институции (Министерството за правда, УЈП). 4. На седница на Советот беше разгледана анализата „Физичките лица во системот на ДДВ и владеењето на правото во Македонија - со посебен осврт и предлог решенија во делот на авторските договори“, подготвена од здруженијата: Центар за економски анализи, Центар за даночна политика и Финанце Тхинк.<br>5. Анализата беше разгледана од страна на Министерството за финансии и Секторот за даночна и царинска политика и голем дел од предлозите беа прифатени и имплементирани во законските решенија. | | Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор препорачува анализата на моделот на даночен третман на граѓанските организации да има поширок опфат од измените на Законот за персоналниот данок на доход и измените на Законот за данокот на добивка. Советот препорачува Министерството за финансии да организира консултации со граѓанските организации во врска со усвоените измени во даночната рамка и да утврди дали измените соодветствуваат на потребите на организациите. |
| 2.2. Подготовка на нова нормативна рамка за даночниот третман на непрофитни организации, согласно препораките и заклучоците од спроведувањето на активноста 2.1 | 1. Подготвени се измени на закони (и/или подзаконски акти) во однос на даночниот третман на непрофитни организации | МФ | | I/2019 | реализирано | Во декември 2018 донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за данокот на добивка („Службен весник на РМ“ бр.248/18), со кој во член 4-а се регулира даночниот третман на организациите регистрирани согласно Законот за здруженија и фондации, како обврзници за пресметување и плаќање на данокот на вкупен приход за приходите од вршење на стопанска дејност. Во тек е изработка на подзаконските акти со кои ќе се овозможи граѓанските организации да известуваат за износите на вкупните приходи од непрофитна дејност, како и за вкупните приходи од стопанските дејности остварени во текот на деловната година. | | Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор препорачува анализата на моделот на даночен третман на граѓанските организации да има поширок опфат од измените на Законот за персоналниот данок на доход и измените на Законот за данокот на добивка |
| 2.3. Анализа на можностите за даночно ослободување (ДДВ) за кофинансираниот дел од граѓанските организации на одобрените проекти поддржани од донатори (ЕУ, САД, земји членки на ЕУ и држави со кои се потпишани договори за билатерална соработка)<br>2.3.1 Изработка на измени на регулативата согласно препораките од анализата | 1. Број на одржани јавни консултации или тркалезни маси<br>2. Број на граѓански организации вклучени во јавните консултации и тркалезни маси<br>3. Број на координативни состаноци со релевантните државни институции<br>4. Одржана е тематска седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор<br>5. Објавена е анализата за можностите за даночно ослободување (ДДВ) за кофинансираниот дел од граѓанските организации на одобрените проекти поддржани од донатори со препораки<br>6.Усвоена е законската регулатива | МФ | | II/2019 | | | | |
| 2.4. Подобрување на процесот на регистрација на проекти во Централната база на податоци за странска помош ЦДАД на Секретаријатот за европски прашања | 1. Изготвено ново упатство за регистрација на проекти во насока на надминување на воочените проблеми, а со цел поедноставување и забрзување на постапката<br>2. Изготвенени наменски обрасци (1. Барање за регистрација на проекти од билатерална помош, 2. Барање за регистрација на проекти од ИПА, 3. Барање за регистрација на проекти од суб-грантисти)<br>3. Забрзана постапка на регистрација преку делегирање на овластување за потпис на потврди за регистрација на проекти<br>4. Спроведени промотивно/едукативни активности за целиот процес на регистрација на проекти и на користење на податоците на Централната база на податоци за странска помош за крајни корисници (државни институции, донатори, граѓански сектор, економски оператори и др.) | СЕП | | III/2018 | во тек | Изготвено е ново нацрт-упатство согласно препораките добиени од внатрешната ревизија и воочените пречки при процесот на регистрација на проектите во ЦДАД базата. Нацрт упатството беше консултирано и со Советот за соработка со и развој на граѓанското општество. Изготвени се нови наменски Обрасци/Барања за регистрација на проекти.<br>Во Секретаријатот за европски прашања е извршено делегирање на овластувања за потпис на потврди за регистрација на проекти во ЦДАД базата и во моментов постојат двајца овластени потписници од рангот на државни службеници;<br>Капацитетите на Одделението за протокол и организациски работи на СЕП дополнително се зајакнати со двајца нови вработени и еден практикант во моментов работат 4 вработени и 1 практикант на регистрација на проекти во ЦДАД базата. Сите барања за регистрација на проекти се внесуваат во е-деловодник за полесно следење. Направени се иницијални состаноци за целосна дигитализација на ЦДАД базата. | | |
| 2.5. Ревизија на текстот на Прирачникот - „Економски активности: вршење дејност од граѓанска организација“ согласно најновите измени на законите (и/или подзаконски акти) во однос на даночниот третман на непрофитни организации | 1. Формирана е работна група за ревизија на Прирачникот<br>2. Број на претставници од граѓанските организации во работната група<br>3. Ревидиран е Прирачникот<br>4. Ревидираниот Прирачник е јавно достапен | МФ | | II/2019 | | | | |
| 2.6. Изработка на едукативен модул за државните службеници кои работат на спроведување на даночното законодавство | 1. Изработен е едукативниот модул<br>2. Изработено е и објавено Упатство/Прирачник за едукативниот модул | МФ | | I/2020 | | | | |
| 2.7. Спроведување на обуки за државните службеници кои работат на спроведување на даночното законодавство | 1. Спроведени се 4 работилници<br>2. Обучени се 60 државни службеници | МФ | | II/2020 | | | | |
| 2.8. Годишен мониторинг на спроведувањето на Прирачникот | 1. Изработени се (електронски) обрасци за известување во врска со спроведувањето и употребата на Прирачникот од институциите<br>2. Предлог Годишниот извештај за спроведувањето и употребата на Прирачникот е разгледан на седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор<br>3. Годишниот извештај за спроведувањето и употребата на Прирачникот е јавно достапен | МФ | | III/2020 | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **МЕРКА 3: Уредување на начинот на евидентирање и финансиско известување на деловните настани кои произлегуваат од вршењето на дејности со кои може да се стекне добивка** | | | | | | | | |
| 3.1. Оцена и анализа на постојната пракса и законска и подзаконска рамка за евидентирање и финансиско известување на деловните настани кои произлегуваат од вршењето на дејности со кои може да се стекне добивка, како и за јавно објавување на финансиските податоци од работењето на граѓанските организации | 1. Број на одржани тематски јавни консултации или тркалезни маси<br>2. Број на граѓански организации вклучени во тематските јавните консултации и тркалезни маси<br>3. Број на координативни состаноци со релевантните државни институции<br>4. Одржана е тематска седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во врска со оцената и анализата на постојната пракса и законска и подзаконска рамка за евидентирање и финансиско известување на деловните настани кои произлегуваат од вршењето на дејности со кои може да се стекне добивка, како и за јавно објавување на финансиските податоци од работењето на граѓанските организации<br>5. Објавен е извештај за постојната пракса и законска и подзаконска рамка за евидентирање и финансиско известување на деловните настани кои произлегуваат од вршењето на дејности со кои може да се стекне добивка, како и за јавно објавување на финансиските податоци од работењето на граѓанските организации, со препораки за надминување на констатираните недостатоци | МФ | УЈП, ГС-Одд.НВО, МП, ЦРМ, Совет | I-II/2019 | реализирано | Реализирањето на оваа активност се изврши преку реализирање на активноста 2.1 од Акцискиот план. Имено, измените во Законот за данокот на добивка (активност 2.2) произлезени како резултат од јавните консултации со заинтересираните страни (активност (2.1) се основа за уредување на известувањето на граѓанските организации за вкупните приходи од непрофитна дејност и за вкупните приходи од вршење стопанска дејност остварени во текот на годината во подзаконски акт согласно Законот за данокот на добивка. | | Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор препорачува анализата на моделот на даночен третман на граѓанските организации да има поширок опфат од измените на Законот за персоналниот данок на доход и измените на Законот за данокот на добивка |
| 3.2. Изготвување на подобрена законска и подзаконска рамка за евидентирање и финансиско известување на деловните настани кои произлегуваат од вршењето на дејности со кои може да се стекне добивка, како и јавно објавување на финансиските податоци од работењето на граѓанските организации, како резултат на оценката и анализата на постојната пракса и законската рамка (врска со активност 3.1) | 1. Изготвена е подобрена законска рамка за евидентирање и финансиско известување на деловните настани кои произлегуваат од вршењето на дејности со кои може да се стекне добивка, како и јавно објавување на финансиските податоци од работењето на граѓанските организации<br>2. Број на одржани состаноци помеѓу претставниците на Министерството за финансии и другите надлежни органи на државна управа<br>3. Подготвени се обрасци (на хартијаи електронски) кои може да ги користат граѓанските организации заради собирање на финансиски податоци за активностите со кои се стекнува добивка, остварени во претходната фискална година<br>4. Спроведени се јавни консултации за спроведување на алатките по првата година од имплементација | МФ | УЈП, ГС-Одд.НВО, МП, ЦРМ | III-IV/2019 | во тек | Оваа активност ќе се реализира преку Активноста 2.2. За спроведување на одредбите на член 4-а од Законот за данокот на добивка со кои граѓанските организации се уредија како обврзници за пресметување и плаќање на данокот на вкупен приход за приходите од вршење стопанска дејност, во тек е подготовка на подзаконски акт со кој ќе се овозможи граѓанските организации да известуваат за износите на вкупните приходи од непрофитна дејност, како и за вкупните приходи од стопанските дејностите остварени во текот на деловната година. | | |
| 3.3. Јавно објавување на финансиските податоци од работењето на граѓанските организации | 1. Јавно објавување на финансиските податоци од работењето на граѓанските организации, со прецизирана форма и содржина на годишните финансиски извештаи | ГС-Одд.НВО | ЦРМ, МП | II/2020 | | | | |
| 3.4. Организирање на тематска тркалезна маса со претставници на непрофитните организации со цел да се разговара за напредокот и да се препорачаат дополнителни подобрувања за јавната контрола на финансиските активности на непрофитните организации | 1. Организирана е тематска тркалезна маса<br>2. Број на граѓански организации вклучени во дискусијата на тркалезната маса<br>3. Заклучоците од тематската тркалезна маса јавно се објавени<br>4. Одржана е тематска седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во врска со дополнително подобрување на јавната контрола на финансиските активности на непрофитните организации | ГС-Одд.НВО | Совет, МФ | III/2020 | | | | |
| **МЕРКА 4: Подготовка на подобрена законска и подзаконска рамка за сметководството на непрофитните организации** | | | | | | | | |
| 4.1. Оцена и анализа на Законот за сметководство на непрофитните организации и на подзаконските акти во консултации со граѓанските организации | 1. Број на одржани јавни консултации или тркалезни маси<br>2. Број на граѓански организации вклучени во јавните консултации и тркалезни маси<br>3. Број на координативни состаноци со релевантните државни институции<br>4. Одржана е тематска седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор<br>5. Објавена е анализа на Законот за сметководство на непрофитните организации и на подзаконските акти | МФ | УЈП, ГС-Одд.НВО, МП, ЦРМ, Совет | I-II/2019 | реализирано | На 13.09.2018 на 5. седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, беше презентирана Анализата на Законот за сметководство на непрофитни организации, подготвена во рамките на проектот „Промени за одржливост" финансиран од Европската Унија, а спроведуван од Здружението Конект во партнерство со Центарот за даночна политика и Фондација Аполонија. На 15.10.2018 претставници на Министерството за финансии учествуваа на дискусијата за Законот за сметководство на непрофитни организации, во рамки на проектот „Промени за одржливост".<br>Анализатана Законот за сметководство на непрофитни организации е објавена на http://konekt.org.mk/wp-content/uploads/2018/07/Analiza-na-makedonski-jazik-WEB.pdf | | |
| 4.2. Подготовка на законска и подзаконска рамка за сметководството на непрофитните организации, согласно препораките и заклучоците од спроведувањето на активноста 4.1. | 1. Изготвени се законски и подзаконски прописи за сметководството на непрофитните организации | МФ | | III-IV/2019 | | | | |
| **МЕРКА 5: Анализа и измени на Законот за игрите на среќа и за забавните игри од аспект на европските практики и домашните потреби** | | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 5.1. Спроведување на анализа на потребите и можностите за распределба на средства остварени од игрите на среќа, анализа на структурата на националните инвалидски организации и компаративна анализа на регулирањето на распределбата на средствата од игрите на среќа во други држави -членки на ЕУ | 1. Формирана е работна група за анализата на потребите<br>2. Број на институции застапени во работната група<br>3. Број на граѓанските организации застапени во работната група<br>4. Одржана е тематска седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во врска со распределбата на средствата од игрите на среќа<br>5. Спроведена е анализа на потребите и јавно е објавена (вклучително и прашањето на неподигнатите добивки,анализа на структурата на националните инвалидски организации и компаративна анализа за распределбата на средствата од игрите на среќа во други држави-членки на ЕУ) | МТСП | МФ, МП, ГС-Одд.НВО | II/2019 | | 4. На барање на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, Одделението за соработка со невладини организации подготви Информација за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на РСМ во 2018 година и планирани средства 2019 година, која што беше разгледана на 11. тематска седница на Советот, одржана на 19.3.2019. Информацијата содржи и податоци од Министерството за туд и социјална политика за распределба на средствата согласно Законот за игри на среќа и забавни игри. | | |
| 5.2. Вршење на јавни консултации за потребата да се прошират активностите на граѓанските организации финансирани од средствата од игрите на среќа | 1. Број на одржани јавни консултации и тркалезни маси<br>2. Број на граѓански организации вклучени во јавните консултации и тркалезни маси<br>3. Извештајот за јавните консултации е подготвен и јавно е објавен | ГС-Одд.НВО | МФ, МТСП, МП | I-II/2019 | | | | |
| 5.3. Подготвување на измени на Законот за игрите на среќа и за забавните игри | 1. Проширени се областите со активности на граѓанските организации кои може да се финансираат преку средства од игрите на среќа<br>2. Додадени се области од развојот на граѓанскиот сектор кои може да се финансираат преку средства од игрите на среќа<br>3. Дополнет е член 16 од Законот (став 2 и 6) во врска со финансиските ограничувања<br>4. Утврден е систем на годишни одлуки за распределба на средствата од игрите на среќа | МФ | | IV/2019 | | | | |
| 5.4. Подготвување на годишна одлука на Владата за распределба на средствата од игрите на среќа врз основа на претходно спроведена анализа | 1. Број на усвоени одлуки за распределба на средства од игрите на среќа<br>2. Број на подрачја кои се финансирани со средства од игрите на среќа<br>3. Воспоставен е модел за распределба на средства од игрите на среќа врз основа на проценти | МТСП | | I/2020 | | | | |
| **МЕРКА 6: Воспоставување транспарентен и доверлив модел за државно финансирање со воспоставување единствен фонд за институционален развој на граѓанските организации и за кофинансирање на ЕУ проекти** | | | | | | | | |
| 6.1. Спроведување на анализа на потребите за воспоставување транспарентен и доверлив модел за државно финансирање со воспоставување единствен фонд за институционален развој на граѓанските организации и за кофинансирање на ЕУ проекти со компаративна анализа од другите земји | 1. Формирана е работна група за анализата на потребите<br>2. Број на институции застапени во работната група<br>3. Број на граѓански организации застапени во работната група<br>4.Одржана е тематска седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор<br>5. Спроведена е анализа на потребите и јавно е објавена (вклучително и компаративна анализа од други држави) | ГС-Одд.НВО | Совет | II/2019 | Во тек | На барање на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, Одделението за соработка со невладини организации подготви Информација за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на РСМ во 2018 година и планирани средства 2019 година, која што беше разгледана на 11. тематска седница на Советот, одржана на 19.3.2019. Владата ја разгледа и усвои Информацијата на 16.4.2019 и го задолжи Генералниот секретарија тво соработка со Советот, до 13.09.2019 година, да достави до Владата анализа која ќе содржи преглед на направените трансфери до здруженијата и фондациите за 2017 и 2018 и планираните за 2019 и компаративните искуства за државното финансирање во државите од регионот, како и предлог за воспоставување транспарентен и доверлив модел за државно финансирање со воспоставување единствен фонд за институционален развој на граѓанските организации и за кофинансирање на ЕУ проекти.<br>На 22.5.2019 година, во организација на Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), се одржа конференција на тема „Реформа на системот за државно финансирање на граѓанските организации“. На конференцијата се обрати претседателот на Владата на Република Северна Македонија Зоран Заев, кој ја потврди политичката волја за подобрување на моделот на државно финансирање. | | |
| 6.2. Спроведување на анализа за обемот на моделот за државно финансирање со формирање единствен фонд за и институционален развој на граѓанските организации и кофинансирање на ЕУ проекти | 1. Оценка за финансискиот капацитет на единствениот фонд за кофинансирање;<br>2. Оценка за финансискиот капацитет на единствениот фонд за институционален развој. | ГС-Одд.НВО | Совет | I/2020 | | | | |
| 6.3. Усвојување на законска регулатива за Воспоставување транспарентен и доверлив модел за државно финансирање со формирање единствен фонд за институционален развој на граѓанските организации и за кофинансирање на ЕУ проекти на граѓанскиот сектор | 1.Усвоена е законската регулатива | Влада на РМ | МФ | I/2020 | | | | |
| 6.4. Воспоставен е транспарентен и доверлив модел за државно финансирање и формиран е единствен фонд за институционален развој на граѓанските организации и кофинансирање на ЕУ проекти | 1. Единствениот фонд е формиран<br>2. Обезбедени се средства за кофинансирање на проектите на ЕУ<br>3. Обезбедени се средства за институционален развој на граѓанскиот сектор | ГС-Одд.НВО | МФ | I/2020 | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6.5. Формирање на меѓуресорска комисија за координација на јавното финансирање на проектите и програмите на граѓанските организации во согласност со усвоената законска регулатива за Воспоставување транспарентен и доверлив модел за државно финансирање со формирање единствен фонд за институционален развој на граѓанските организации и за кофинансирање на ЕУ проекти | 1. Формирана е меѓуресорска комисија<br>2. Листа на членови на меѓуресорската комисија<br>3. Број на одржани седници<br>4. Број на јавни институции кои ги усогласиле интерните акти со подзаконскиот акт за доделување на средства за проекти и програми кои ги спроведуваат граѓанските организации | ГС-Одд.НВО | МФ | II/2020<br>Постојано | | | | |
| 6.6. Воспоставување систем за годишна анализа на потребите (секторска анализа) и годишно планирање на повиците за доставување предлози од граѓански организации кои ќе се финансираат од државниот буџет, во согласност со усвоената законска регулатива за Воспоставување транспарентен и доверлив модел за државно финансирање со формирање единствен фонд за институционален развој на граѓанските организации и за кофинансирање на ЕУ проекти | 1. Подготвен е образец за подготовка на секторската анализа<br>2. Подготвен е образец за подготовка на Годишниот план за повици за доставување предлог проекти<br>3. Број на институции кои подготвиле секторска анализа<br>4. Одржана е тематска седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во врска со секторската анализа<br>5. Спроведени се јавни консултации за приоритетите кои ќе се финансираат од државниот буџет<br>6. Одржана е седница на меѓуресорската комисија за приоритетите кои ќе се финансираат од државниот буџет<br>7. Објавување на секторската анализа и на Годишниот план за повици за доставување на предлог проекти | ГС-Одд.НВО | Совет | II/2020 | | | | |
| **МЕРКА 7:Донесување на правно обврзувачки подзаконски акт за распределба на средства на граѓанските организации од јавни извори и унапредување на координацијата, како и транспарентноста и отчетноста во користењето на средствата, во согласност со усвоената законска регулатива за Воспоставување транспарентен и доверлив модел за државно финансирање со формирање единствен фонд за институционален развој на граѓанските организации и за кофинансирање на ЕУ проекти** | | | | | | | | |
| 7.1. Спроведување на јавни консултации за подзаконскиот акт за доделување на средства од јавни извори за проекти и програми кои ги спроведуваат граѓанските организации | 1. Број на одржани јавни консултации и тркалезни маси<br>2. Број на граѓански организации вклучени во јавните консултации<br>3. Одржана е тематска седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор за предлог уредбата<br>4. Извештајот за јавните консултации е подготвен и јавно е објавен | ГС-Одд.НВО | Совет | II/2020 | | | | |
| 7.2. Усвојување на подзаконски акт за доделување средства од јавни извори за проекти и програми кои ги спроведуваат граѓанските организации | 1. Усвоен е подзаконски акт за доделување на средства за проекти и програми кои ги спроведуваат граѓанските организации | Влада на РМ | ГС-Одд.НВО | II/2020 | | | | |
| 7.3. Изработка на Прирачник за примена на подзаконскиот акт за доделување на средства од јавни извори за проекти и програми кои ги спроведуваат граѓанските организации | 1. Објавен е Прирачникот за примена на подзаконскиот акт за доделување на средства од јавни извори за проекти и програми кои ги спроведуваат граѓанските организации<br>2. Објавена е документација за повиците за доставување на предлог проекти | ГС-Одд.НВО | | III/2020 | | | | |
| 7.4. Изработка на сеопфатна програма за обука на државните службеници за спроведување на подзаконскиот акт за доделување на средства од јавни извори за проектите и програмите кои ги спроведуваат граѓанските организации | 1. Изработена е сеопфатна програма за обука<br>2. Број на спроведени обуки<br>3. Број на обучени државни службеници | ГС-Одд.НВО | | III/2020<br>Постојано | | | | |
| 7.5. Воспоставување на систем за мониторинг на спроведувањето на подзаконскиот акт за доделување на средства од јавни извори за проекти и програми кои ги спроведуваат граѓанските организации | 1. Изработени се обрасци за известување за употребата на доделените средства од јавни извори за проекти и програми на граѓанските организации<br>2. Број на институции кои известуваат за доделените средства<br>3. Број на годишни извештаи за доделените средства прифатени од Владата<br>4. Број на објавени годишни извештаи за доделените средства | ГС-Одд.НВО | | III/2020 | | | | |
| **МЕРКА 8: Препознавање на спецификите на граѓанските организации како работодавач во правната регулатива, оперативните програми и социјалниот дијалог** | | | | | | | | |
| 8.1. Анализа на регулативата во доменот на работните односи, со цел препознавање на спецификите на граѓанските организации како работодавач<br><br>8.2 Изработка на измени на регулативата согласно препораките од анализата | 1. Број на одржани јавни консултации или тркалезни маси<br>2. Број на граѓански организации вклучени во јавните консултации и тркалезни маси<br>3. Број на координативни состаноци со релевантните државни институции<br>4. Одржана е тематска седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор<br>5. Објавена е анализата на регулативата во доменот на работните односи, со цел препознавање на спецификите на граѓанските организации како работодавач, со препораки<br><br>1. Усвоени измени на регулативата согласно препораките од анализата | МТСП | АВРМ | III/2019 | во тек | Во 2018 и 2019 се овозможи граѓанските организации да користат дел од мерките за вработување кои се дел од оперативните планови за програми и мерки за вработување. Исто така, со Законот за практиканство, утврден од страна на Владата на 11.12.2018 година и донесен во мај 2019 (Службен весник на РСМ бр.98/2019), се овозможува граѓанските организации да ангажираат практиканти. На 23.4.2019 година, во рамките на проектот „Промени за одржливост‟ финансиран од ЕУ и спроведуван од Конект, Фондацијата Аполонија и Центарот за даночна политика се одржа Конференција за закони по мерка на граѓанските организации, на која меѓу другото се одржа информативна сесија и дискусија за регулативата во однос на улогата на работодавач на граѓанските организации и активните мерки за вработување. | | |
| **МЕРКА 9: Воспоставување независен, репрезентативен, оперативен и ефективен Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор и обезбедување на негова редовна работа** | | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 9.1. Обезбедување на редовна работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор | 1. Обезбедена е квалитетна техничка поддршка за работата на Советот<br>2. Број на одржани седници на Советот<br>3. Број на закони, подзаконски акти и други акти за кои Советот дал свое мислење | ГС-Одд.НВО | | II/2018<br>Постојано | реализирано | 1. Одделението за соработка со невладини организации континуирано обезбедува техничка поддршка на работата на Советот. На втората седница, одржана на 14.5.2018 година, донесен е и Деловник за работа на Советот. 2. Во текот на 2018 одржани се 8 седници на Советот. За седниците редовно се доставува покана со материјали и записник до членовите на Советот од страна на Одделението за соработка со невладини организации. Во текот на 2019 година одржани се 7 седници на Советот. Во првиот квартал од 2019 одржани се три седници на Советот. На 11. седница (19.3.2019), Советот утврди Предлог - одлука за изменување на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со која како основ за престанок на членување во Советот се предвидува отсуство од три седници во текот на една година. Одлуката е донесена од Владата на 14.5.2019.Во вториот квартал од 2019 одржана е една седница на Советот. Во третиот квартал од 2019 одржани се три седници на Советот. На 13.седница на Советот (4.7.2019), Советот го разгледа и донесе Деловникот за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор.<br>3. Во 2018 година доставени се 3 мислења од страна на Советот и тоа:<br>-Мислење до Владата по Предлог-Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020;<br>-Мислење до Министерството за труд и социјална политика и Министерството за финансии во однос на заклучоците од јавната дебата за реформа на начинот на финансирање на организациите на лица со хендикеп„Игра на среќа врз несреќните – јаболко на раздорот“, одржана на 6.7.2018 година, во организација на Полио Плус – движење против хендикеп;<br>-Мислење до Министерството за финансии во однос на Студијата за политики „Физичките лица во системот на ДДВ и владеењето на правото во Македонија - со посебен осврт и предлог решенија во делот на авторските договори“, подготвена од здруженијата: Центар за економски анализи, Центар за даночна политика и Финанце Тхинк.<br>Во првиот квартал од 2019 Советот утврди и достави до Владата Извештај за својата работа во 2019 година и Извештај со предлог мерки/барања до надлежните институции, за состојбите со говорот на омраза и делата од омраза и нападите на ЛГБТИ центарот за поддршка, што беа разгледани од Владата на седницата одржана 9.4.2019, како и мислење по Извештајот за спроведените мерки и активности од Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (2018-2020), во 2018 година. На 19.3.2019 Советот одржа тематска седница за финансирање на граѓанските организации.Во вториот квартал од 2019 година, Советот го разгледа Кварталниот извештај за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020(јануари-март 2019) и препорача Одделението за соработка со невладини организации да ја разгледа конзистентноста на Стратегијата со Годишната програма за работа на Владата на РСМ за 2019 година. Во третиот квартал од 2019 година, Советот донесе Деловник за изменување и дополнување на Деловникот за работа на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор; утврди позитивно мислење по Годишниот извештај за спроведени консултации во процесот на подготовка на предлог-закони од страна на министерствата за 2018 година; го разгледа Барањето за унапредување на учеството на ГО во процесот на подготовка на Законот за здравствена заштита и препорача Министерството за здравство да ги информира ГО за причините поради кои дел од нивните предлози не се прифатени; ја разгледа Информацијата за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија за 2017 година и Информацијата за финансиска поддршка на здруженија и фондации од буџетите на општините, општините во градот Скопје и градот Скопје во 2017 и 2018 година и препорача при планирање на Буџетот на Владата на РСМ, во ставката 463 трансфери до невладини организации, да се предвидат 60.000.000 денари. | | Оценката на степенот на спроведување се однесува на планираните активности за 2018. Обезбедување на редовна работа на Советот ќе продолжи во 2019/2020 |
| 9.2. Изработка на ефикасни методи за консултирање и информирање на граѓанските организации за работата на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор така што Советот да стане ефективен механизам за оформување на политиките за граѓанскиот сектор | 1. Изработена е и функционална веб страницата на Советот, со постојано ажурирани податоци;<br>2. Изработен е регистар на граѓански организации со активни е-маил адреси за полесна дисеминација на сите извештаи, анализи и останати активности на Советот 3.Изработени се и објавени годишни извештаи за работата на Советот<br>4. Формирани се работни групи во рамки на Советот | ГС-Одд.НВО | | II/2018<br>Постојано | реализирано | 1. Во рамки на веб-страницата на Одделението за соработка со НВО, www.nvosorabotka.gov.mk издвоен е посебен дел за Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор каде редовно се ажурираат сите податоци во однос на поканите, записниците и материјалите од одржаните седници на Советот 2. Регистарот на граѓански организации на веб-страницата на Одделението за соработка со невладини организации содржи податоци за 187 граѓански организации со активни е-маил адреси за полесна дисеминација на извештаи, анализи и останати активности на Советот и Одделението за соработка со невладини организации<br>3. Изработен е Нацрт-извештај за работата на Советот во 2018 година, што ќе се разгледа на 9.седница на Советот, во февруари 2019 4. Советот формира 3 работни групи во 2018 година и тоа:<br>- работна група за изработка на Деловник за работа на Советот<br>- работна група за изработка на План за комуникација на Советот<br>- работна група за изработка на Предлог-модел за вклучување на граѓанските организации во пристапните преговори за членство во Европската Унија. На 10. седница , одржана на 7.3.2019, Советот номинираше 3 претставници на граѓански организации за членови во Секторската работна група за регионален и локален развој на Министерството за локална самоуправа. На 13. седница , одржана на 4.7.2019, Советот номинираше 7 претставници на граѓански организации за членови во ИПА мониторинг комитетот за следење на напредокот на спроведувањето на ИПА 2014-2020, како и 6 претставници на граѓански организации како членови и заменици членови во секторскиот мониторинг комитет на годишната Акциска програма 2017, Акција 4: Поддршка на ЕУ за вработување, образование и социјална политика На 14. седница , одржана на 27.8.2019, Советот номинираше 3 претставници на граѓански организации за изработка на Предлог-план на мерки, активности и динамика за спроведување на процесот на проверка (ветинг) на вработените во Министерството за внатрешни работи и 2 претставници на граѓански организации во Комисија за распределба на финансиски средства наменети за финансирање на програмски активности на здруженија и фондации од Буџетот на РСМ за 2019 година, како набљудувачи. | | Оценката на степенот на спроведување се однесува на планираните активности за 2018. Консултирањето и информирањето на граѓанските организации за работата на Советот ќе продолжи во 2019/2020 |
| 9.3. Спроведување на стратешко планирање на работата на Советот | 1. Спроведено е стратешко планирање на работата на Советот<br>2. Врз основа на спроведеното стратешко планирање дадени се препораки за подобрување на работата на Советот | Совет | ГС-Одд.НВО | II/2018 | реализирано | 1. и 2. Одделението за соработка со НВО, во рамките на твининг проектот „Понатамошно институционализирање на структурирани механизми за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор“ финансиран од Европската Унија и спроведуван од Канцеларијата за соработка со НВО на Владата на Република Хрватска, во јуни 2018 година организираше две работилници за членовите на Советот, за оперативно планирање и за ефективна комуникација. На 5.7.2018 во Клубот на органите на управата се одржа тркалезна маса на тема „Понатамошно институционализирање на структурирани механизми за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор“. Од страна на експертите на твининг проектот подготвено е Експертско мислење и препораки – Анализа на Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, што е разгледано на 2.седница на Советот (14.5.2018). | | |
| 9.4. Воспоставување на механизам (алатки) за комуникација интерно помеѓу членовите на Советот, но и кон јавноста, вклучувајќи ја и Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанскиот сектор | 1. Воспоставена е ефективна комуникациска стратегија/План за комуникација на Советот<br>2. Број на спроведени обуки за членовите на Советот (за подобрување на мотивациските и комуникациските вештини, тимска работа, меѓусекторска комуникација и сл.) | Совет | ГС-Одд.НВО | III/2018 | во тек | 1. Одржани се состаноци со мрежите на граѓански организации на Здружението на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје и Центарот за економски анализи Скопје и изработени се Планови за комуникација во областите Економски и одржлив развој и Заштита на маргинализирани лица, разгледани на 7.седница на Советот (26.11.2018). На 7.седница се формираше и работна група за изработка на План за комуникација на Советот.<br>2. Одржани се 2 обуки за членовите на Советот и тоа:<br>-На 6.6.2018 во Клубот на органите на управата во Скопје, се одржа работилница/обука за членовите на Советот, за оперативното планирање на работата на Советот, запознавање и соработка помеѓу членовите -На 7.62018, во Граѓанскиот ресурсен центар во Скопје, се одржа работилница/обука за членовите на Советот, од редот на граѓанските организации, за зајакнување на капацитетите на членовите за комуникација со граѓанските организации од секторите кои тие ги претставуваат во Советот. | | |
| **МЕРКА 10: Унапредување на статусот на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат во насока на создавање овозможувачка средина за граѓанскиот сектор** | | | | | | | | |
| 10.1. Измена на организациската структура на Одделението за соработка со невладини организации во Генералниот секретаријат со цел да стане сектор | 1. Подготвен е нацрт подзаконски акт кој ќе ја подобри организациската структура на Одделението за соработка со невладини организации од Генералниот секретаријат<br>2. Спроведени се консултации за подзаконскиот акт<br>3. Подзаконскиот акт е донесен;<br>4. Преку новата систематизација, обезбеден е доволен обем на работа; | ГС | | IV/2018 | во тек | Со Извештајот од спроведена функционална анализа во Генералниот секретаријат бр.47-8707/1 од 17.9.2018 и Планот за подобрување бр.47-8707/2 од 17.9.2018 предвидено е Одделението за соработка со невладини организации да прерасне во Сектор за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во Генералниот секретаријат. Во тек е изработка на Правилник за систематизација на работните места во Генералниот секретаријат. | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 10.2. Развивање на активности за градење на капацитетите на Одделението/Секторот за соработка со невладини организации во следниот период | 1. Број на обуки на кои присуствувале вработените од Одделението<br>2. Редовно се врши пренос на знаење со релевантните институции во регионот и Европа | ГС-Одд.НВО | | II/2018 Постојано | реализирано | 1. Вработените од Одделението за соработка со НВО во 2018 учествуваа на 5 обуки организирани во рамките на твининг проектот„Понатамошно институционализирање на структурирани механизми за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор‟ спроведен од Канцеларијата за соработка со НВОи на Владата на Република Хрватска:<br>- Теоретски и практични модели за следење на спроведувањето на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020 (16-17.5.2018)<br>- Оперативното планирање на работата на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (6.6.2018) - Зајакнување на капацитетите на членовите на Советот за комуникација со граѓанските организации (7.6.2018) - Обука на работно место за обезбедување на административна поддршка на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор<br>-Обука на работно место за координација и следење на спроведувањето на Акцискиот план на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020<br>Вработени од Одделението за соработка со НВО во 2019 година учествуваа на 2 обуки и тоа: - Обука за запознавање на новиот пристап на креирање на политики заснован на односот меѓу јавните политики и постапувањето на граѓаните (behavioural insights approach to policy making), која се одржа во рамки на проектот „Носење промени – добро управување и ефективност во јавната администрација“<br>- Обука за вклучување на родовата перспектива во стратешкото планирање<br>2. Во периодот јануари-септември 2018 година реализиран е брзиот твининг проект „Понатамошно институционализирање на структурирани механизми за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор‟ со Канцеларијата за соработка со НВОи на Владата на Република Хрватска. | | Оценката на степенот на спроведување се однесува на планираните активности за 2018.Градењето на капацитетите на вработените ќе продолжи во 2019/2020 |
| **МЕРКА 11: Зајакнување на капацитетите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанскиот сектор и унапредување на методите за комуникација и координација на членовите на мрежата** | | | | | | | | |
| 11.1. Изработка на модули за обука на членовите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанскиот сектор со фокус на начините за соработка меѓу институциите и граѓанскиот сектор | 1. Изработени се соодветни едукативни модули за државните службеници<br>2. Организирани се најмалку две обуки годишно<br>3. Број на учесници во сите модули за обука | ГС-Одд.НВО | | II/2018 Постојано | реализирано | 1 и 2. На 16 и 17.5.2018 година, во Клубот на органите на управата во Скопје, се одржа дводневна работилница за градење на капацитетите на членовите на Мрежата државни службеници за соработка со граѓанскиот сектор, за следење на спроведувањето на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, со Акциски план 2018-2020 3. На обуката учествуваа 18 членови на Мрежата. | | Оценката на степенот на спроведување се однесува на планираните активности за 2018.Градењето на капацитетите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанскиот сектор ќе продолжи во 2019/2020 |
| 11.2. Воспоставување на функционални механизми за координација меѓу членовите на Мрежата | 1. Број на координативни состаноци на Мрежата<br>2. Број на органи и институции кои се вклучени во координативните активности<br>3. Подготвени се критериуми за избор/номинација на државните службеници одговорни за соработка со граѓанските организации во секое министерство<br>4. Списокот на членови и нивни заменици во Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанските организации се ажурира на редовна основа и се објавува на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk | ГС-Одд.НВО | | II/2018 Постојано | реализирано | 1. Одржани се два координативни состаноци на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанскиот сектор, на 1.11.2018 и 20.11.2018 година, со цел меѓусебно информирање и дефинирање начин на следење и динамика на известување за степенот на реализација на Акцискиот план на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020. Во текот на април 2019 година Одделението за соработка со невладини организации одржа координативни состаноци со членовите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанскиот сектор од Министерството за култура, Министерството за здравство, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за животна средина и просторно планирање и Агенцијата за млади и спорт. Состаноците беа организирани со цел поддршка на надлежните институции за подготовка и доставување на податоци до Генералниот секретаријат, согласно заклучоците на Владата на Република Северна Македонија од седницата одржана на 16.4.2019 година, по Информацијата за финансиска поддршка на здруженија и фондации од Буџетот на Република Северна Македонија во 2018 година и планирани средства во 2019 година.<br>2. Во координативните активности се вклучени Одделението за соработка со НВО и 18 институции од Мрежата на државни службеници за соработка со граѓански сектор и<br>4. Списокот на членови и нивни заменици во Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанските организации е ажуриран и објавен на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk. | | Оценката на степенот на спроведување се однесува на планираните активности за 2018. Координацијата на членовите на Мрежата на државни службеници за соработка со граѓанскиот сектор ќе продолжи во 2019/2020 |
| **МЕРКА 12: Зголемување на достапноста и дисеминацијата на јавните податоци за регистрираните граѓански организации во Централниот регистар на Република Северна Македонија** | | | | | | | | |
| 12.1. Подобрување на базата на регистрирани граѓански организации во Централниот регистар, каде треба да бидат проширени јавно достапните информации за регистрираните граѓански организации | 1. Слободно и отврено достапни се основните податоци за регистрираните субјекти во Централниот регистар на РМ (ЕМБС, назив, адреса, правна форма (организационен облик), датум на основање, големина, статус (активен/неактивен/во постапка за утврдување/избришан), дополнителни информации (во стечај/во ликвидација) и дејност (шифра и опис) | ЦРМ | | IV/2018 Постојано | во тек | 1. Во тек е постапка за проширување на обемот на објавени податоци кои ќе бидат слободно и отворено достапни на веб-страницата на Централниот регистар, ќе бидат објавени, освен основните податоци за граѓанските организации кои се однесуваат на податоците за ЕМБС, назив, правна форма (организационен облик) и останати податоци како што се адреса, датум на основање, големина, статус (активен/неактивен/во постапка на утврдување на статус/избришан), дополнителни информации (во стечај/во ликвидација), дејност (шифра и опис). Исто така, во тек е постапка за јавна набавка на софтверско решение за изведба на нов web портал на Централниот регистар каде е планиран редизајн на официјалната веб-страница и нејзина преобразба во повеќенаменски портал каде ќе биде овозможено и пребарување на наведените податоци во 12.1 за сите заинтересирани корисници. | | |
| 12.2. Подобрување на правната рамка за постапките за добивање на потребните информации од Централниот регистар со цел јавно финансирање на проектите и програмите на граѓанските организации | 1. Процедурите се изменети, така што јавните донатори ќе ги бараат сите неопходни податоци за распределба на нивните средства директно од Централниот регистар, наместо од апликантите | ЦРМ | | IV/2018 | реализирано | Согласно постоечките процедури постои можност Централниот регистар да дава податоци на органите на државната управа, по поднесено барање. | | |
| **МЕРКА 13: Промовирање и поттикнување на добрите практики за соработка со граѓанските организации на локално ниво** | | | | | | | | |
| 13.1. Воспоставен е комуникациски систем и пракса за размена на искуства за поддршка на развојот на граѓанскиот сектор на локално ниво | 1. Организиран е најмалку еден состанок квартално за размена на добри практики меѓу органите на централно и локално ниво (на пример, јавно финансирање, учество во процесот на креирање политики)<br>2. Број на донесени локални документи и други механизми за соработка со граѓанските организации | МЛС | ГС-Одд.НВО, ЗЕЛС | IV/2018 Постојано | реализирано | 1.Во септември 2018 организирани се средби на Одделението за соработка со НВО со граѓански организации и претставници на локалната администрација на град Скопје (5.9.2018) и општините Битола(7.9.2018) и Тетово (4.9.2018), со цел споделување на заеднички искуства во соработката со граѓанскиот сектор и презентација на Предлог-Акцискиот план 2018-2020 за спроведување на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор. 2. Согласно насоките од Министерството за локална самоуправа, во 5 општини (Кавадарци, Гостивар, Ресен, Куманово и Струмица)подготвени се методологии и грантови шеми за финансирање на проекти што ги имплементираат граѓански организации. | Средствата на МЛС се обезбедени во рамките на Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан (ReLOaD), финансирана од ЕУ, а имплемент. од УНДП | Оценката на степенот на спроведување се однесува на планираните активности за 2018. Размената на искуства за соработка со граѓанските организации на локално ниво ќе продолжи во 2019/2020 |
| **МЕРКА 14: Подобрување на комуникацијата и зголемување на видливоста на Одделението за соработка со невладини организации, Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор и граѓанските организации во јавноста** | | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 14.1. Организирање на „Отворени денови за иницијативи на граѓанските организации“ | 1. Број на организирани „Отворени денови за иницијативи на граѓанските организации“ годишно<br>2. Број на граѓански организации и граѓани кои учествуваат во „Отворените денови за иницијативи на граѓанските организации“<br>3. Број на објави во медиумите во врска со „Отворените денови за иницијативи за граѓанските организации“ | КПВРМ | ГС-Одд.НВО | III/2018, а подоцна еднаш годишно | реализирано | 1.Во согласност со определбата на Владата партнерство со граѓанското општество во процесот на креирање и спроведување на политики, Владата воведе „Отворени денови за иницијативи на граѓанските организации“. Во 2018 година се одржаа три од серијата отворени денови на тема: Практики на соработка помеѓу Владата и граѓанските организации – како да се подобриме? (8.6.2018 година), Борба против корупција (6.7.2018 година) и Националната стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам (24.12.2018). На 16.1.2019 се одржа четвртиот од серијата отворени денови на тема: План за чист воздух. На 27.6.2019 се одржа петтиот од серијата отворени денови на тема: Младински политики. На 18.9.2019 се одржа шестиот од серијата отворени денови на тема: Програма за намалување на аерозагадувањето.<br>2.На трите од серијата Отворени денови во 2018 учествуваа258 претставници на граѓански организации, а доставени се 25 иницијативи што се проследени на одговор до ресорните министерства и се објавени на веб-страницата на Одделението за соработка со невладини организации www.nvosorabotka.gov.mk. Во 2019 година, на четвртиот отворен ден учествуваа 42 претставници на граѓански организации, а доставени се 5 иницијативи, на петтиот отворен ден учествуваа ---------- претставници на граѓански организации, а доставени се 10 иницијативи, на шестиот отворен ден учествуваа ---------- претставници на граѓански организации, а доставени се 3 иницијативи.<br>3. За трите од серијата Отворени денови во 2018 има вкупно 46 објави во медиумите.<br>Во 2019, за четвртиот отворен ден за иницијативи на граѓански организации има вкупно 9 објави во медиумите. | | Оценката на степенот на спроведување се однесува на планираните активности за 2018. Отворени денови за иницијативи на граѓански организации ќе се организираат и во 2019/2020 |
| 14.2. Подобрување на веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk со информации и бази на податоци | 1. Веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk е подобрена со информации и бази на податоци<br>2. Веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk е централно место за објавување на информации за отворените повици за доставување предлог проекти<br>3. Се изготвуваат редовни билтени и се споделуваат со јавноста<br>4. Креирани се страници на социјалните мрежи преку кои се споделуваат информации од веб страницата www.novosorabotka.gov.mk | ГС-Одд.НВО | | III/2018 Постојано | во тек | 1.Редизајнирана е веб-страницата на Одделелението за соработка со невладини организации www.nvosorabotka.gov.mk. Достапни се известувања за настани од значење за граѓанските организации, податоци за работата на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (дневен ред, материјали и записници), регистар на невладини организации и база на податоци за финансиска поддршка, а на следниот линк: https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=node/250 воспоставена е посебна платформа за следење на спроведувањето на Стратегијата на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020.<br>2.На веб страницата www.nvosorabotka.gov.mk се објавуваат повици за финансиска поддршка на здруженија и фондации. | | |

| Активности | Индикатори | Водечки институции | Институции учесници | Рок за спроведување | Степен на спроведување | Спроведени активности по индикатори | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Ризици и проблеми и предлози за надминување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пополнува Одделението за соработка со НВО | Пополнува Одделението за соработка со НВО | Пополнува Одделението за соработка со НВО | Пополнува Одделението за соработка со НВО | Пополнува Одделението за соработка со НВО | Пополнува Одделението за соработка со НВО | Пополнува водечката институција | Пополнува водечката институција | Пополнува водечката институција |
| **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 2: ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА, АКТИВНО УЧЕСТВО НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР ВО ОПШТЕСТВЕНИТЕ ПРОЦЕСИ,ВО КРЕИРАЊЕТО И СЛЕДЕЊЕТО НА ПОЛИТИКИТЕ, СО ПОСЕБЕН ФОКУС НА ПРОЦЕСОТ НА ИНТЕГРАЦИЈА ВО ЕУ** | | | | | | | | |
| **МЕРКА 15: Унапредување на примената на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики** | | | | | | | | |
| 15.1. Следење на спроведувањето на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики | 1. Годишниот извештај за спроведување на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики за претходната година се доставува до Владата и се објавува еднаш годишно, најдоцна до 15 април во тековната година | ГС-Одд.НВО | | Постојано - најдоцна до 15 април за претходната година | Реализирано | Министерството за информатичко општество и администрација во соработка со Одделението за соработка со невладини организации подготви Годишниот извештај за спроведените консултации во процесот на подготовка на предлог закони од страна на министерствата јануари-декември 2018 година, во рамките на активностите за реализација на мерките од Стратегијата за реформа на јавната администрација и акцискиот план 2018-2022, исполнување на планираните резултати од заложбата за Партиципативно креирање на политики од Националниот Акциски план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година и Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики, а со цел да се зголеми отчетноста и отвореноста на Владата на Република Северна Македонија преку унапредување на процесот на консултации со јавноста. Извештајот содржи и информации за спроведувањето на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики, преку објавувањето на Повикот за придонес на граѓанскиот сектор во подготвувањето на Програмата за работа на Владата на Република Северна Македонија за 2019 година. Извештајот е разгледан и усвоен на 146, седница на Владата, одржана на 23.07.2019 година. | | |
| 15.2. Усвојување на измени на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики согласно резултатите од мониторингот | 1. Препораките од овие годишни извештаи се спроведени во пракса;<br>2. Органите на државната управа подготвуваат извештаи во врска со консултациите за секоја поединечна јавна консултативна средба кои содржат информации за добиените забелешки и коментари | Влада на РМ | ГС-Одд.НВО | I/2019 | | Поврзано со активност 15.1.<br>Препораките содржани во Годишниот извештај за спроведените консултации во процесот на подготовка на предлог закони од страна на министерствата јануари-декември 2018 година не предвидуваат измени на Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики. | | |
| 15.3. Изработка на модел за вклучување и избор на граѓанските организации во работните групи на органите на државната управа | 1.Изработка на модел за вклучување и избор на граѓанските организации во работните групи на органите на државната управа од страна на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор<br>2. Одржани се консултации во врска со моделот за вклучување и избор на граѓанските организации во работните групи на органите на државната управа<br>3. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор предложи модел за вклучување и избор на граѓанските организации во работните групи на органите на државната управа<br>4. Подготвена е рагулатива (упатство, измена на Деловникот за работа на Владата и сл.) за вклучување и избор на граѓанските организации во работните групи на органите на државната управа<br>5. Број на претставници од граѓанскиот сектор во работните групи на органите на државната управа | ГС-Одд.НВО | Совет | I/2019 | Во тек | 1.Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор на 6. седница одржана на 9.10.2018 формираше работна група која изработи Предлог-модел за вклучување на граѓанските организации во процесот на преговори со Европската Унија.<br>2.На 7.12.2018 во Граѓанскиот ресурсен центар се одржа консултативна средба за првиот нацрт на Предлог-моделот за вклучување на граѓанските организации во пристапни преговори за членство во Европската Унија, на која учествуваа 40 претставници на граѓанските организации.<br>3. Во текот на месец септември 2019 одржан е состанок помеѓу главниот политички преговарач, Бујар Османи и главниот технички преговарач, Бојан Маричиќ, претставници на Советот за соработка со граѓанскиот сектор и претставници на Националната конвенција за Европска Унија на Република Северна Македонија во врска со Предлог-моделот за вклучување на граѓанските организации во процесот на преговори со Европската Унија. Предлог-моделот бил прифатлив за владините претставници и за истиот Секретаријатот за европски прашања ќе спроведе широк консултативен процес со граѓанските организации | | |
| **МЕРКА 16: Соработка со постојните ефективни тематски мрежи на граѓанските организации за структуриран дијалог во процесот на креирање, спроведување, следење и оценување на политиките** | | | | | | | | |
| 16.1. Идентификување и активно вклучување на тематските мрежи на граѓански организации во работни групи за изработка на прописите и стратешките документи | 1. Направена е анализа/преглед на постојните тематски мрежи/платформи на граѓанските организации и нивната структура<br>2. Број на претставници од постојните тематски мрежи на граѓанските организации кои учествуваат во работните групи на органите на државната управа | ГС-Одд.НВО | | IV/2018<br>Постојано | Реализирано | На иницијатива на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат, во рамките на програмата „Национален ресурсен центар за граѓански организации“ (финансиран од Европската Унија, а спроведуван од МЦМС, Медиа плус Штип и АДИ Гостивар) во декември 2018 година подготвен е Извештај од анкета за идентификација на мрежите во државата, во кој е содржан преглед на 69 тематски мрежи на граѓански организации. | | Оценката на степенот на спроведување се однесува на планираните активности за 2018. Во 2019/2020 ќе се следи учеството на претставници на мрежите на граѓански организации во работни групи на органите на државната управа. |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16.2. Обезбедување редовна комуникација на органите на државната управа со тематските мрежи на граѓански организации | 1. Број на одржани консултативни средби на органите на државната управа со тематските мрежи на граѓански организации<br>2. Информациите за процесот на креирање, спроведување, следење и оценување на политиките постојано се дистрибуираат до тематските мрежи на граѓанските организации преку различни начини за комуникација | ГС-Одд.НВО | | IV/2018<br>Постојано | Реализирано | Во септември 2018 одржани се состаноци со мрежите на граѓански организации на Здружението на граѓани Ресурсен центар на родители на деца со посебни потреби Скопје и Центарот за економски анализи Скопје и изработени се Планови за комуникација во областите Економски и одржлив развој и Заштита на маргинализирани лица, што се разгледани на 7.седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (26.11.2018). Министерството за економија оствари соработка и консултации со граѓанските организации при изработка на стратешки и програмски документи (Стратегијата за мали и средни претпријатија, со Акциски план 2018-2020, Стратегијата за женско претприемништво со Акциски план 2019-2023, Среднорочната Стратегија за општествена одговорност на РМ со Акциски план 2019-2023.Во работната група на Министерството за здравство за подготовка на Предлог на Закон за прекинување на бременоста беа вклучени претставници на Коалицијата за здравствени и сексуални права на маргинализираните заедници Маргини, Реактор и ХЕРА, Асоцијација за здравствена едукација и истражување. Граѓанските организации се вклучени и во Работната група за спроведување на активностите од Акцискиот план за подобрување на здравствената заштита на децата со попреченост и на лицата со инвалидност.<br>Министерството за транспорт и врски вклучи претставници на граѓанскиот сектор во работната група за изготвување измени на Законот за домување и подзаконските акти и организираше јавни консултации за Нацрт-Националната транспротна стратегија за периодот-2018-2030.Министерството за животна средина и просторно планирање активно ги вклучува граѓанските организации во креирањето на политиките, во областа природа учествуваат со свои членови како експерти во активности при валоризација на идни заштитени подрачја, мониторинг на природно наследство и изработка на нацрт-протоколи за мониторинг на живеалишта, видови и птици од ЕУ значење, изработена на Национални црвени листи, развивање на концептот на екосистемски услуги, изработка на квоти за комерцијални диви растенија и габи, тренинг обуки за управување со заштитени подрачја, тренинг обуки по прашања од Натура 2000 и др. Во декември 2018 се одржа работилница во Скопје за воспоставување на каналите за соработка со граѓанските организации во областа на климатските акции и за вмрежување со институциите и бизнисите. Развиена е алатка календар на настани за активности што се реализираат во делот заштита на животната средина и климатски акции на www.klimatskipromeni.mk. Агенцијата за млади и спорт одржа повеќе од 10 средби со Националниот младински совет на Македонија и консултации со граѓански организации, со цел координација и креирање на политиките од областа на младите (две консултативни средби за Правилникот за определување постапка и утврдување критериуми за доделување средства за поддршка на проекти од областа на младите, во процесот на Ревизија на Националната стратегија за млади (2016-2025) и при изготвување на Акциски план, при креирање на Закон за млади и при изготвувањето на база на тренери). | | Оценката на степенот на спроведување се однесува на планираните активности за 2018. Редовната комуникација на органите на државна управа со мрежите на граѓански организации ќе продолжи во 2019/2020 |
| 16.3. Активно вклучување на граѓанските организации во процесот на креирање, спроведување, следење и оценување на политиките за унапредување на човековите/правата на етничките заедници , јакнење на социјалната кохезија и градење на концептот „Едно општество за сите“ | 1. Број на одржани дискусии / форуми / тркалезни маси со постојните ефективни тематски мрежи на граѓански организации, граѓанските организации што ги претставуваат етничките заедници и оние кои работат на планот на промоција на меѓуетничките односи и меѓу-културниот дијалог<br>2. Број на претставници од граѓанскиот сектор во работните групи на органите на државната управа<br>3. Направена е анализа/преглед на граѓанските организации за учество во креирањето и мониторингот на политиките за унапредување на човековите/правата на етничките заедници, јакнење на социјалната кохезија и градење на концептот „Едно општество за сите“. | ССРД | АОПЗ<br>ГС-Одд.НВО | IV/2018<br>Постојано | Реализирано | Владата на 93.седница, ја усвои Информацијата за потребата за изработка на Национална стратегија за развој на концептот за едно општество за сите и интеркултурализам. Канцеларијата на претседателот на Владата на 26.10.2018 објави Јавен повик за пријавување на претставници на граѓанските организации за учество во работните групи за изготвување на Националната стратегија. Формирани се 7 работни групи по кластери: правна рамка, образование, култура, медиуми, локална самоуправа, млади, општествена кохезија и интеграција, во кои се вклучени сите граѓански организации пријавени на јавниот повик (повеќе од 140). Одржани се состаноци и работилница за идентификување на проблемите и за утврдување на целите на кластерите. На 13-та седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 4.7.2019, Роберт Алаѓозовски, Национален координатор за развој на културата и меѓуресорска соработка ја презентираше Нацрт-Националната стратегија за развој на концептот на едно општество и интеркултурализмот во Република Северна Македонија и го објасни текот на консултативниот процес.<br>На 24.12.2018 се одржа третиот од серијата Отворени денови за иницијативи на граѓански организации, на тема: „Национална стратегија за развој на концептот за едно општество и интеркултурализам“ на кој учествуваа 103 претставници на граѓански организации.<br>Агенцијата за остварување на правата на заедниците со поддршка од Мисијата на ОБСЕ во Скопје, на 24.10.2018 одржа јавна расправа за измени на Законот за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во државата, на која учествуваа и претставници на граѓански организации. Во тек е изработка на нов Закон за унапредување и заштита на правата на припадниците на заедниците кои се помалку од 20% од населението во Република Северна Македонија. Целта на Законот е да се отстранат лоцираните недостатоци во постојниот закон, особено во деловите поврзани со надлежностите на Агенцијата, надзорот и фондот за финансиски средства. Предлогот на закон е објавен на ЕНЕР на 22.2.2019. | | Оценката на степенот на спроведување се однесува на планираните активности за 2018. Граѓанските организации ќе продолжат и во 2019 активно да учествуваат во градење на концептот „Едно општество за сите“ |
| **МЕРКА 17: Анализа на потребите и можностите за законско уредување на постапката за изготвување на закони и акти на единиците на локалната самоуправа во консултации со засегнатите страни** | | | | | | | | |
| 17.1. Оценување на правната рамка за постапката за изготвувањена закони и акти на единиците на локалната самоуправавоконсултација со засегнатите страни | 1. Оценување на постојната правна рамка и практики и објавување на анализата, заедно со препораки за воведување нови законски решенија<br>2. Препораките за подобрување на правната рамка се спроведени | МП | МЛС, МИОА, ГС-Одд.НВО | I/2020 | | | | |
| **МЕРКА 18: Вклучување на теми за учество во процесите за креирање политики и донесување закони во програмите за обука на административните службеници** | | | | | | | | |
| 18.1. Развивање на програми за обука за административните службеници за причините и начинот на кој може ефективно да се спроведе процесот на јавни консултации | 1. Организирани се најмалку две обуки годишно<br>2. Број на обучени административни службеници | ГС-Одд.НВО | МИОА | III-IV/2019<br>Постојано | | | | |
| 18.2. Изработка на Упатство за административните службеници за ефективно вршење на јавни консултации | 1. Упатството е изработено и дистрибуирано со примери од добри практики, совети и алатки за подготовка и вршење на консултациите | ГС-Одд.НВО | МИОА | III-IV/2019 | Реализирано | На 19.02.2019 година, кабинетот на Министерот без ресор, задолжен за транспарентност, отчетност и комуникации објави Правилник за организација на јавна консултација при започнување на легислативен процес, кој е достапен на веб-страницата на Владата на Република Северна Македонија. | | |
| **МЕРКА 19: Унапредување на можностите за консултации со засегнатите страни преку Единствениот национален електронски регистар (ЕНЕР) и поттикнување за негово користење** | | | | | | | | |
| 19.1 Надградување на ЕНЕР со можност за поднесување на онлине иницијативи и предлози од засегнатите страни и интеракција со министерствата, како и донесување на насоки за користење на системот за е-седници и ЕНЕР | 1. % на нацрт Извештаи за ПВР и нацрт закони објавени на ЕНЕР за кои е запазена процедурата за навремено објавување | МИОА | | IV/2018 | Во тек | Министерството за информатичко општество и администрација спроведе постапка за јавна набавка и во тек е имплементација на надградба на ЕНЕР.<br>Процентот на нацрт Извештаи за ПВР и нацрт закони објавени на ЕНЕР за кои е запазена процедурата за навремено објавување за 2017 изнесува 82%, додека за 2018 година изнесува 93%.<br>Согласно Извештајот за спроведување на ПВР (јануари-јуни 2019 год), од вкупно 53 предлог закони утврдени на Влада кои подлежат на ПВР, 46 биле објавени на ЕНЕР заедно со нацрт Извештаи за ПВР и за истите е запазена процедурата за навремено објавување на ЕНЕР (100%). | 1.200,000<br>денари | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 19.2.Зголемување на употребата на ЕНЕР од страна на органите на државната управа | 1. Број на предлози на закони објавени на ЕНЕР<br>2. Број на органи на државната управа кои имаат спроведено консултации преку ЕНЕР 3. Број на Извештаи за ПВР кои содржат информации за спроведени консултации. Од спорведениот процес на консултации со засегнатите страни, министерствата во Извештајот за ПВР внесуваат информации за начинот на вклучување на засегнатите страни; податоци за засегнатите страни кои учествувале во процесот; ставовите искажани во текот на јавните расправи, односно мислењата, забелешките и сугестиите добиени по писмен пат или објавени на ЕНЕР и порталот Е-демократија; мислењата, забелешките и сугестиите кои не биле прифатени од страна на министерството и образложение за причините | МИОА | | I/2019<br>Постојано | Во тек | 1. Во 2018 од 109 предлози на закони доставени до Владата кои подлежат на ПВР, 94 предлози на закони (86%) биле објавени на ЕНЕР.<br>Согласно Извештајот за спроведување на ПВР (јануари-јуни 2019 год), од вкупно 53 предлог закони утврдени на Влада кои подлежат на ПВР, 46 (88%) биле објавени на ЕНЕР.<br>2. Во 2018 од вкупно 15 министерства, 11 (Министерство за внатрешни работи, Министерство за правда, Министерство за финансии, Министерство за економија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за здравство, Министерство за образование и наука, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за култура, Министертство за информатичко општество и администрација и Министерство за транспорт и врски) имаат спроведено консултации на ЕНЕР, 3 министерства (Министерство за одбрана, Министерство за локална самоуправа и Министерство за животна средина и просторно планирање) немаа предложено закони на Владата, а законите предложени од Министерството за надворешни работи не подлежат на ПВР и затоа не се објавени на ЕНЕР.<br>Во првата половина од 2019 година, од вкупно 15 министерства, 11 (Министерство за одбрана, Министерство за правда,Министерство за внатрешни работи, Министерство за финансии, Министерство за економија, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за здравство, Министерство за труд и социјална политика, Министерство за култура, Министертство за информатичко општество и администрација и Министерство за транспорт и врски) имаат спроведено консултации на ЕНЕР, 3 министерства (Министерство за образование и наука, Министерство за локална самоуправа и Министерство за животна средина и просторно планирање) немаа предложено закони на Владата, а законите предложени од Министерството за надворешни работи не подлежат на ПВР и затоа не се објавени на ЕНЕР.<br>3. МИОА како надлежно министерство за управување со процесот на регулаторна реформа, во соработка со Одделението за соработка со невладини организации на ГС на ВРСМ, изработи Годишен извештај за оценка на спроведените консултации со јавноста за 2018 година.Согласно податоците добиени од страна на ГС на ВРСМ, во Извештајот е даден Годишен преглед на почитувањето на постапката за консултации со засегнатите страни за 105 предлог закони (за 4 предлог закони до МИОА не беа доставени информации за постапката за извршени консултации) утврдени од Владата за секое министерство поединечно.МИОА како институција која управува со процесот на ПВР и го уредува ЕНЕР, во текот на месец март 2019 година, до министерствата достави Прашалник за оценка на процесот на консултации со засегнатите страни при подготовка на поединечни предлог закони, спроведени во 2018 година. Резултатите од добиените одговори укажуваат дека 84 Извештаи за ПВР содржат информации за спроведени консултации.<br>Податоците за бројот на Извештаи за ПВР кои содржат информации за спроведени консултации се собираат на годишно ниво и истите ќе бидат содржани во Годишен извештај за оценка на спроведените консултации со јавноста за 2019 година кој ќе се изработи во првата половина од 2020 година. | | |
| 19.3. Зголемување на употребата на ЕНЕР од граѓанскиот сектор и граѓаните | 1. Спроведена е јавна кампања за можностите за користење на ЕНЕР<br>2. Број на регистрирани граѓани и граѓански организации | МИОА | | I/2019<br>Постојано | | Оваа активност ќе се реализира по пуштање во употреба на надградената верзија на ЕНЕР. | | |
| **МЕРКА 20: Соработка со претставници на граѓанските организации во спроведување на наставни програми, кроскурикуларни/интегрирани содржини и вонннаставни активности во училиштата поврзани со темите: демократија и граѓанско образование** | | | | | | | | |
| 20.1. Спроведување анализа за ефектите од реализацијата на наставни програми, короскурикуларни/интегрирани содржини и вонаставни активности во училиштата поврзани со темите: демократија и граѓанско образование | 1. Направена анализа за ефектите од спроведување на наставни програми, кроскурикуларни/интегрирани содржини и вонаставни активности во училиштата поврзани со темите: демократија и граѓанско образование | МОН | БРО | II/2019 | Реализирано | 1. Министерството за образование и наука-Биро за развој на образованието, во соработка со Македонскиот центар за граѓанско образование спроведе истражување за состојбата во основните училишта во врска со реализација на наставниот предмет граѓанско образование и интегрирани се содржини од граѓанско образование во други наставни предмети и вонаставни активности. Со истражувањето се добија сознанија за начинот на спроведување на активности за граѓанско образование во основните училишта од неколку развиени држави. | | |
| 20.2. Соработка со граѓански организации при реализирање на наставни програми, кроскурикуларни/интегрирани содржини и вонаставни активности поврзани со демократија и граѓанско образование | 1. Број на училишта поддржани во соработка со граѓански организации во реализацијата на наставни програми, кроскурикуларните/интегрираните содржини и вонаставните активности поврзани со демократија и граѓанско образование.<br>2. Изработка на ресурси потребни за успешна реализација на наставата поврзана со темите демократија и граѓанско образование и нивно поставување на интернет портал/веб страна на образовна институција и граѓанска организација<br>3. Број на граѓански организации вклучени во реализација на наставни програми, кроскурикуларни/ интегрирани содржини и вонаставни активности поврзани со демократија и граѓанско образование | МОН | БРО, ЦСОО | IV/2019<br>Постојано | Реализирано | 1.Реализирани се активности за поддршка на сите основни училишта во државата за спроведување на обуки за имплементација на новите наставни програми по Граѓанско образование во 8-мо одделение.<br>2.Изготвени се нови наставни програми за граѓанско образование за 8-мо, 9-то одделение и прва година средно образование и дадени се дидактички препораки за успешна реализација на целите од наставната програма. Изготвена е брошура за учениците од 8- мо одделение и достапна на веб- страницата на БРО.<br>3. Во реализацијата на активностите Бирото за развој на образованието соработуваше со Македонскиот центар за граѓанско образование (МЦГО), Младинскиот образовен форум (МОФ) и Коалицијата на младински организации СЕГА.<br>Министерството за образование и наука во 10.2018 формираше работна група со претставници на граѓански организации (Коалиција СЕГА, МОФ и Прва детска амбасада во светот Меѓаши) за поддршка, развој, оспособување и помош на средношколските заедници и средните училишта. Предлозите на организациите се земаат предвид во процесот на измени на Законот за средно образование. Истите организации учествуваат во работата и на работната група за студентско демократско организирање, односно за поддршка на студентските парламенти на сите универзитети.<br>Во периодот септември-декември 2018, со Првата детска амбасада во светот „Меѓаши" одржани се три семинари со МОН, БРО и ДПИ за мирно образование, односно образование без конфликти. | | |
| 20.3. Обезбедување поддршка за професионален развој на наставниците, стручните служби и директорите во основните и средните училишта, во врска со граѓанското образование | 1. Изработени програми за професионален развој на наставниците, стручните служби и директорите за граѓанското образование<br>2. Спроведени семинари и работилници за професионален развој на наставници, стручни служби и директори за граѓанското образование<br>3. Обезбедени се средства за покривање на трошоците за учество на обуката за граѓанското образование организирани од други засегнатите страни (граѓанските организации)<br>4. Број на наставници од основните и средните училишта, стручни служби и директори обучени за граѓанско образование. | МОН | БРО, ЦСОО | II/2020 | Во тек | 1. Изготвени се модули за обука на сите наставници што го предаваат наставниот предмет Граѓанско образование во 8-мо одделение за успешна имплементација на новата наставна програма. Во наредниот период ќе се реализираат обуки со претставници од стручните служби и директорите и ќе бидат спроведени активности и за наставниците од 9-то одделение.<br>2. Реализирани се семинари за сите наставници што го предаваат наставниот предмет Граѓанско образование во 8-мо одделение. Во наредниот период ќе бидат спроведени активности и за наставниците од 9-то одделение.<br>3. Активностите се реализираат во рамките на проектот на МЦГО за меѓуетничка интеграција на младите во образованието, финансиски подржан од УСАИД.<br>4. Обучени се сите наставници што го предаваат предметот граѓанско образование во 8-мо одделение. Број на одржани обуки: 15 , Број на учесници на обуките: 353. Во наредниот период ќе бидат обучени и стручните служби на училиштата и директорите како и другите наставници што го реализираат предметот граѓанско образование во 9 -то одделение, како и наставниците што реализираат интегрирани содржини по граѓанско образование во наставниот предмет Општество и вонаставни активности од демократија и граѓанско образование. | | |
| **МЕРКА 21: Вклучување на граѓанските организации во процесот на подготовка на преговарачките позициите и преговори со Европската унија** | | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 21.1. Активно учество и консултации на граѓанските организации при подготовка на НПАА | 1. Вклучени претставници на сите засегнати страни (вклучително и за граѓанските организации) во работата на сите работни групи за НПАА со цел да се обезбеди ефикасна рамка за спроведување на НПАА<br>2. Број на сите видови консултации кои се спроведени при подготовка на преговарачките позиции со Европската унија<br>3. Број на организирани работилници и семинари чија цел е зајакнување на капацитетите на граѓанските организации за учество при утврдувањето на јавни политики поврзани со приемот во Европската Унија | СЕП | | III/2018<br>Постојано | Во тек | Советот организираше консултации со граѓанските организации за првиот нацрт на Предлог-моделот за вклучување на граѓанските организации во процесот на пристапни преговори за членство во ЕУ подготвен од работна група на Советот. На средбата одржана на 7.12.2018 учествуваа 40 претставници на граѓанските организации.- Членовите на Советот беа поканети на Конференција на тема Искуствата во пристапните преговори - што треба, а што не треба да се прави, организирана од Секретаријатот за европски прашања на 21.09.2018. Целата на настанот беше да се разменат искуства и добри практики со сегашни и поранешни преговарачи од земјите во регионот за процесот на преговори, како дел од процесот на консултации за вклучување на граѓанските организации во подготовката на преговарачките позиции. Од септември 2018 до јуни 2019 СЕП во континуитет организира подготвителни состаноци и директен пренос за објаснувачките состаноци за секое поглавје од ЕУ acquis кој се одржуваат во Брисел, Белгија. Имено, одржани се 25 објаснувачки состаноци. На директниот пренос на објаснувачките состаноци кој се одржуваат во СЕП во просек земаат учество по 3 лица од граѓанските организации чиј фокус на работа се ЕУ поглавјата или вкупно 75, претставници на граѓанскиот сектор. Како продолжение на конференција на тема Конференција на тема Работна група (Task Force) за административна и министерска координација на преговорите со ЕУ: рецепти за успех“ која се одржа на 25.01.2019 со поддршка на Француската амбасада , се одржаа три тематски работилници на кои учествуваа претставници на граѓанскиот сектор. Работилниците се одржаа на следните теми: Дигитализацијата и транспарентноста на СЕП, не само алатки (19.04.2019) со цел да се размената искуства за унапредување на дигиталните платформи на СЕП за поддршка на процесот на преговори. Тренинг центарот на СЕП и димензијата на управување со човечки ресурси (23.05.2019) со цел да се разговара за добрите практики и искуства за јакнење на капацитетите на администрацијата во процесот на ЕУ интеграција. СЕП подобра координација за подобра асимилиацija (07.06.2019) со цел да се разменат искуства и добри практики за моделите на координација на процесот на европска интеграција. На 06.06.2019 во просториите на Секретаријатот за европски прашања се одржа предавање на тема "Пристапни преговори, релевантно искуство и научени лекции од Словенија" со посебен осврт на: Врската помеѓу Канцеларијата на претседателот на Владата и Владината канцеларија за координација на европски прашања,како и Министерството за надворешни работи - Постојана Мисија при ЕУ и други релевантни институции, Функционирањето на постојаната мисија при ЕУ, Подготовка на документи, преговарачки позиции, Комуникација со институциите на ЕУ , процеси на донесување на одлуки. Предавањето го одржа Иво Вајгл од Министерството за надво0решни работи на Словенија - Претставници на граѓански организации учествуваа во подготовка на Предлог Законот за управување со светското природно и културно наследство на Охридскиот регион.<br>Владата ја донесе Одлуката за формирање на работни групи за подготовка на националната програма за усвојување на правото на ЕУ и подготовка на преговарачките позиции за преговори за членство во ЕУ (Сл. Весник 159/2019) која во член 7, став 2 основ за вклучување на граѓанскиот сектор и другите засегнати страни во работните групи. На 17.9.2019 година, Главниот политички преговарач Бујар Османи и главниот технички преговарач Бојан Маричиќ одржаа средба со претставници на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, Институт за европски политики - ЕПИ, Фондација отворено општество Македонија - ФООМ и Националниот конвент за ЕУ (како мрежи на повеќе граѓански организации) на која се дискутираше за принципите и моделот на учество и вклучување на граѓанските организации во процесот на преговори. При тоа беше потенцирано дека Владата го препознава потенцијалот и експертизата со која располагаат граѓанските организации дека е потребно истите да се вклучат во преговорите. Начелно беше договорено дека вклучувањето на граѓанските организации би било на ниво на работни групи за подготовка на преговарачки позиции и на паритетна основа со членовите кои ќе будат од редот на административните службеници со исти права, обврски и одговорности. Исто така се констатира дека опцијата за вклучување на граѓанските организации во работните групи, не ја исклучува можноста дел од нив да се определат да не се вклучат во истите и да ја вршат функцијата на мониторинг. На средбата заеднички беше договорено да се организира широк консултативен процес со граѓанските организации со цел да се дефинираат критериумите и условите за нивно учество во процесот на преговори. СЕП е вклучен во спроведувањето на проектот финансиран од ЕУ за поддршка на граѓанското општество за механизмот за секторско врежување. Како дел од овој проект склучен е Меморандум за соработка меѓу СЕП и Институтот отворено општество за да се овозможи структурно учество на граѓанското општество во секторските работни групи. Сличен вакoв меморандум ќе се потпише со останатите ресорни институции кои ги претседаваат десетте секторски работни групи. | | |
| 21.2. Зајакнување на партнерството при утврдување на политики поврзани со интеграцијата во ЕУ | 1. Број на состаноци со претставници од граѓанските организации во врска со прашањата поврзани со процесот на интеграција во ЕУ<br>2. Број на седници на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор во врска со дефинирање на политиките за интеграција во ЕУ | СЕП | Совет | III/2018<br>Постојано | Реализирано | 1. При подготовката на Планот 18 се одржаа две консултативни средби со претставниците на граѓанскиот сектор (8 и 22 јуни 2018). Претставниците на граѓанското општество и ресорните институции заеднички ги дискутираа и усогласуваа доставените коментари и предлози за клучните области: реформа на правосудството и борба против корупцијата, реформа на безбедносните и разузнавачките служби и реформата на јавната администрација и доброто управување кои се дел од новиот реформски План 18 пред неговото финално усвојување. На 25.1.2019 се одржа првиот од серијата семинари организирани од Секретаријатот за еворпски прашања со советникот Франсоа Лафонд, на тема „Административна и министерска координација „Task force“ и Европските преговори: Рецепти за успех“.<br>2. Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор на 6. седница одржана на 9.10.2018 формираше работна група за изработка на Предлог-модел за вклучување на граѓанските организации во процесот на преговори со Европската Унија. | | Оценката на степенот на спроведување се однесува на планираните активности за 2018. Редовната комуникација и консултации со граѓанските организации во врска со прашањата поврзани со процесот на интеграција во Европската Унија ќе продолжи во 2019/2020 |
| **МЕРКА 22: Активно вклучување на граѓанските организации во програмирањето и следењето на искористеноста на фондовите за претпристапната помош (секторски работни групи, мониторинг комитети и сл.)** | | | | | | | | |
| 22.1. Постојано информирање на граѓанските организации за програмирањето и следењето на искористеноста на фондовите за претпристапната помош | 1. Информации поврзани со програмирање и следењето на искористеноста на фондовите за претпристапната помош редовно се објавуваат на интернет-страницата на Секретаријатот за европски прашања | СЕП | МФ - ЦФЦД | III/2018<br>Постојано | Реализирано | Информации за напредокот во програмирањето и следењето се добиваат на состаноците на секторските работни групи и секторските мониторинг комитети каде членуваат преставници на граѓанските организации. Програмите кои се во фаза на програмирање се објавуваат јавно на страницата на Секретаријатот за европски прашања по нивното одобрување од страна на Евриопската комисија и донесувањето на Финансиската спогодба. **Министерството за локална самоуправа**, во рамките на имплементацијата на ИПА инструментот за прекугранична соработка, организираше консултативни средби со граѓански организации во функција на реализација на новата Програма за прекугранична соработка со Србија, како и за реализација на јавните повици за проекти во рамките на Програмите за прекугранична соработка со Албанија и Бугарија. Во првиот квартал на 2019 формирана е 10-та Секторска работна група за локален и регионален развој, во која се вклучени претставници на граѓанскиот сектор. | | Оценката на степенот на спроведување се однесува на планираните активности за 2018. Информирањето за програмирањето и следењето на искористеноста на ИПА фондовите ќе продолжи во 2019/2020 |
| 22.2. Вклучување на претставниците на граѓанските организации во програмирањето и следењето на искористеноста на фондовите за претпристапна помош врз основа на транспарентни процеси и процедури за избор | 1. Критериумите за избор се дискутирани и дефинирани од Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор<br>2. Претставници од граѓански организации се вклучени во сите секторски работни групи, мониторинг комитети и други формални работни групи | СЕП | Совет | III/2018<br>Постојано | Реализирано | Секретаријатот за европски прашања дава насоки и собира искуства од работата на Секторските работни групи и дава препораки за подобрување на работата на овие тела додека надлежните министерства ги формираат и претседаваат со работата на секторските работни групи. Учеството на граѓанските организации во овие тела е согласно активноста на организациите во одреден сектор. | | Оценката на степенот на спроведување се однесува на планираните активности за 2018. Учеството на претставници на граѓанските организации во Секторскте работни групи и мониторинг комитети ќе продолжи во 2019/2020 |
| **МЕРКА 23: Консултации и соработка на органите на државната управа и граѓанските организации за сеопфатна подготовка на извештаите на Република Северна Македонија за спроведување на ратификуваните меѓународни договори во областа на човековите права** | | | | | | | | |
| 23.1. Вклучување на претставници од граѓанските организации при подготовка на извештаите на Република Северна Македонија за спроведување на ратификуваните меѓународни договори во областа на човековите права | 1. 1. Број на консултативни средби во врска со извештаите на Република Северна Македонија за спроведување на ратификуваните меѓународни договори во областа на човековите права<br>2. Број на извештаи подготвени со учество на граѓанските организации на консултативни средби | МНР | | IV/2018<br>Постојано | Реализирано | 1. Министерството за надворешни работи во јуни и септември 2018 организираше две консултативни средби за подготовка на Националниот извештај за Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на ООН, додека постојано се остварува електронска комуникација и координација во однос усогласување на текст на извештаи кои се изготвуваат согласно обврските од ратификуваните меѓународни договори во областа на човековите права.<br>На 9 и 10. 5.2019 година се одржа работилница на Експертската група при Меѓуресорското тело за човекови права „Процедури за консултации“, на која учествува и претставници на Одделението за соработка со невладини организации.<br>2. Подготвени се два извештаи со учество на граѓанските организации, и тоа Националниот извештај за Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на ООН и 3, 4, 5 и 6 Извештај на по Конвенцијата на ООН за правата на детето и двата Факултативни протоколи, за вклучување на децата во воени конфликти и за трговија со деца, детска проституција и детска порнографија. | | Оценката на степенот на спроведување се однесува на планираните активности за 2018. Консултациите со граѓанските организации при подготовка на извештаите за спроведување на ратификуваните договори во областа на човековите права ќе продолжат во 2019/2020. Во првото тромесечие од 2019 ќе се одржи работилница со граѓанскиот сектор на која ќе се дискутираат модалитетите за соработка со однос на изработка на извештаи по Конвенциите за човекови права, но и во работата на Меѓуресорското тело. |
| **МЕРКА 24: Зголемување на учеството на граѓанските организации во европските и регионалните мрежи и активности** | | | | | | | | |
| 24.1. Спроведување на образовни програми за активно учество во европските и регионалните мрежи и активности | 1. Организирани се најмалку две обуки за претставниците на граѓанските организации годишно за активно учество во европските и регионалните мрежи и активности<br>2. Број на обучени претставници од граѓанските организации и нивни активисти | СЕП | | IV/2018<br>Постојано | Во тек | Во 2018 Секретаријатот за европски прашања не спроведувал обуки за граѓаските организации за европските регионални мрежи и активности.<br>Организирана е обука од страна на Агенцијата за млади и спорт во соработка со Советот на Европа за младински организации на тема„ Што претставува Европската младинска фондација и начин на аплицирање за поддршка на проекти од нивна страна“. | 60.000 денари | Слаб интерес на претставниците на младинските организации за ваков тип на обука. |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 24.2. Постојано информирање на граѓанските организации во врска со активно учество во европските и регионалните мрежи и активности | 1. Број на спроведени активности за информирање во врска со можностите за вмрежување со граѓанските организации од регионот и ЕУ<br>2. Број на граѓански организации што зеле учество во различните европски и регионални мрежи и активности | СЕП | ГС-Одд.НВО | IV/2018<br>Постојано | Во тек | Одделението за Креативна Европа-Култура на Министерството за култура во 2018  реализираше 12 јавни настани посветени на оваа програма на ЕУ, на кои учествуваа граѓански организации како потенцијални апликанти и корисници на програмата.  Во рамки на повикот за аплицирање за 2018 на Програмата Креативна Европа – Култура од страна на ЕУ поддржани се 3 проекти на здруженија на граѓани.<br>- European solidarity corps Во врска со најновата програма која произлегува од ЕРАСМУС плус програмата, Секретаријатот за европски прашања обезбеди средства од ИПА за плаќање на влезниот билет за да се отвори можнопста заитересирани здруженија од земјава да земат учество.  За сите граѓански организации кои според својот статут имаат мандат да спроведуваат солидарни активности од секаков тип, може да учествуваат во повиците кои се објавуваат на европско ниво.  Погодноста што произлегува од оваа нова програма е што ваков тип на солидарни активности можат да се спроведуваат во рамките на една земја, што за прв пат се воведува како опција (досега се бараше сите активности да бидат спроведувани во соработка со една или повеќе ЕУ земји членки).  За повеќе детали околу процедурите, повиците упатуваме на Националната агенција за европски образовни програми и мобилност. | 6,171,309<br>денари | |

| Активности | Индикатори | Водечки институции | Институции учесници | Рок за спроведување | Степен на спроведување | Спроведени активности по индикатори | Финансиски средства со кои е спроведена активноста | Ризици и проблеми и предлози за надминување |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Пополнува Одделението за соработка со НВО | Пополнува Одделението за соработка со НВО | Пополнува Одделението за соработка со НВО | Пополнува Одделението за соработка со НВО | Пополнува Одделението за соработка со НВО | Пополнува Одделението за соработка со НВО | Пополнува водечката институција | Пополнува водечката институција | Пополнува водечката институција |
| **ПРИОРИТЕТНА ОБЛАСТ 3: ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО КАКО ЧИНИТЕЛ ВО СОЦИЈАЛНО-ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ** | | | | | | | | |
| **МЕРКА 25: Создавање на поттикнувачко правно окружување за социјално претприемништво** | | | | | | | | |
| 25.1 Усвојување на Стратегијата за развој на социјално претприемништво | 1. Заинтересираните страни од јавниот сектор, приватниот сектор, граѓанскиот сектор, претприемничката и академската заедница активно учествуваа во подготовката на Стратегијата<br>2.Спроведени се сеопфатни јавни консултации за Стратегијата за развој на социјалното претприемништво<br>3.Усвоена е Стратегијата за развој на социјално претприемништво | МТСП | | I/2019 | Во тек | 1. Во Министерството за труд и социјална политика формирана е работна група за подготовка на Стратегија за социјално претприемништво. Одржани се подготвителните состаноци и ангажирани се тројца домашни експерти за поддршка на процесот. Планирано е Стратегијата да биде подготвена до Ноември 2019. Во тек е подготовка на стратегијата. | | |
| 25.2 Усвојување на законска, институционална и финансиска рамка за правно препознавање и развој на социјалното претприемништво | 1. Анализа на потребните промени во законската, институционалната и финансиската рамка за развој на социјалното претприемништво<br>2. Спроведени се консултации со засегнатите страни<br>3. Подготвена е законска рамка за развој на социјалното претприемништво (Закон за социјално претприемништво)<br>4. Воведени се резервирани јавни набавки за граѓанските организации и за социјалните претпријатија во Законот за јавните набавки | МТСП | БЈН, МФ | I-II/2019<br>2020 | Во тек | 1. Планирано е да се подготви текст на Предлог на Закон за социјално претприемништво до Јуни 2019. Со Предлогот на Закон за социјална заштита кој е во собраниска процедура, планирано е да се воведе социјалното договарање, со што ќе се поттикне и развојот на социјални претпријатија во делот на обезбедување на социјални услуги.<br>4. Во Предлогот на Закон за јавни набавки, во член 29 предвидени се резервирани јавни набавки за граѓанските организации и социјални претпријатија кои работат во делот на социјалата, здравството и образованието. Наредниот период ќе се подготви текст на Предлог на Закон за социјално претприемништво | | |
| **МЕРКА 26: Обезбедување финансиска помош и развој на претприемачките вештини кај граѓанските организации за социјално претприемништво** | | | | | | | | |
| 26.1 Воспоставување на систем на финансиски стимулации за развој на иницијативи за социјално претприемништво на граѓанските организации | 1.Број на јавни повици за финансирање предлог-проекти од локални, национални средства и средства од ЕУ чија цел е иницирање, постигнување и одржување на солвентноста на иницијативите за социјално претприемништво<br>2. Број на граѓански организации кои успешно спровеле проекти финансирани од локални, национални извори и извори од ЕУ<br>3. Развиени и усогласени системи на локално и национално ниво кои предвидуваат конкретни мерки за финансиски стимулации за развој на иницијативи за социјално претприемништво на граѓанските организации<br>4. Број на социјални претпријатија формирани од страна на граѓанските организации преку спроведените проекти | МТСП | МЕ | I-II/2019<br>Постојано | Во тек | Министерството за економија во 2018 година преку Мерката 6. Кофинансирање на проекти за развој и поддршка на МСП и промоција на претприемништвото од Програмата за конкурентност, иновации и претприемништво за 2018, од вкупно 7 кофинансирани проекти на граѓански организации, 2 се за социјално претприемништво и тоа: Здружение Конект Скопје<br>Проект : „Иновативен модел за поддршка на социјалното претприемништво" - 174.119,00 денари и Здружение на граѓани за истражување, комуникации и за развој „ПАБЛИК" – Скопје<br>Проект : "Развој на мрежа на социјални претпријатија во Македонија " - 200.000,00 денари.<br> | 374.119,00 денари | |
| **МЕРКА 27: Воспоставување на рамка за одржливост на обезбедувањето на социјални услуги од страна на граѓанските организации** | | | | | | | | |
| 27.1. Подготовка на нов Закон за социјална заштита со цел да се воведат социјални договори за обезбедување на услуги финансирани од државата | 1.Формирана е работната група за подготовка на нов Закон за социјална заштита<br>2. Спроведени се јавни консултации за Предлогот на Закон за социјална заштита<br>3. Подготвен е Предлог на Закон за социјална заштита, што вклучува одредби за социјални договори за обезбедување на услуги финансирани од државата | МТСП | | I-II/2019 | Реализирано | 1 и 2.Во текот на 2018 беше подготвен новиот предлог Закон за социјална заштита, утврден од Владата на 20.12.2018. Консултациите по Предлог на закон се спроведоа преку ЕНЕР, а се одржаа и неколку јавни расправи. Предлогот на закон беше разгледан и на 7-та седница на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, одржана на 26.11.2018. 3. Новиот Закон за социјална заштита е донесен во мај 2019 година и содржи одредби со кои ќе се воведе социјалното договарање. | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 27.2. Утврдување на критериумите и стандардите за обезбедување социјални услуги од страна на граѓанските организации | 1. Формирана е работната група за подготвување на методологијата за утврдување на цените на социјалните услуги<br>2. Подготвен е Правилник за регулирање на цените на социјалните услуги<br>3. Листата на цените за услугите кои ги обезбедуваат граѓанските организации е усогласена со листата на цени за услуги кои ги обезбедуваат институциите за социјална заштита и приватниот сектор со кои државата склучила договори за обезбедување социјални услуги<br>4. Изготвени стандарди за обезбедување социјални услуги од страна на граѓанските организации<br>5. Изготвени се стандарди за квалитет во управувањето на граѓанските организации даватели на услуги заради подобрување на нивната конкурентност со останатите потенцијални даватели на услуги (јавни установи и приватни компании) | МТСП | | I-II/2019 | Во тек | 4 и 5. Во рамки на ИПА проектот „Поддршка на модернизацијата и деинституционализацијата на социјалните услуги“ на Министерството за труд и социјална политика ќе се развијат стандарди за обезбедување на социјалните услуги и стандарди за квалитет за услугите насочени кон лицата со попреченост. Проектот се очекува да започне во февруари-март 2019. Со Предлогот на Закон за социјална заштита кој е во собраниска процедура, дадена е законска основа за донесување на методологија за утврдување на цените на социјалните услуги. Исто така, обезбедени се средства од Светска Банка кои се наменети за развој на стандарди и за развој на социјални услуги во локалните заедници. Во прviот квартал на 2019 ќе се реформира и целокупниот систем на лиценцирање на давателите на социјални услуги. Со техничка поддршка на ГИЗ во 2018 подготвена е предлог методологија за утврдување на цените која треба да биде објавена по стапување на сила на Законот за социјална заштита.Во тек е подготовка на стандарди и пресметка на цени на услугите, по што преку јавни повици ке се повикаат општините да развиваат услуги согласно утврдените локални потреби Објавен е јавен повик за изразување интерес да аплицираат за грант за развој на социјални услуги. | ИПА проект - 1,300.000,00 евра Буџет на РМ за финансирање на услуги од социјална заштита 169.090.000,00 денари | |
| **МЕРКА 28: Подобрување на условите за обезбедување услуги од страна на граѓанските организации** | | | | | | | | |
| 28.1. Спроведување на анализа на можностите за обезбедување услуги финансирани од државата во областа на образованието, здравството, културата, младите и друго од страна на граѓанските организации | 1. Одржани се јавни дебати за можностите за обезбедување услуги финансирани од државата во областа на образование, здравство, култура, млади, претходна правна помош и друго, од страна на граѓанските организации<br>2. Дадени се заклучоци и препораки за регулирање на условите и начинот на обезбедување на услуги финансирани од државата во областа на образование, здравство, култура, млади, претходна правна помош и друго, од страна на граѓанските организации<br>3. Мапирање на граѓанските организации заинтересирани за обезбедување на услугите | МОН | МЗ, МК, МП, АМС | III-IV/2019 | | Министерството за култура во 2018 поддржа 659 проекти на здруженијата, со вкупно 132.081.636 денари од различни дејности од областа на културата, и тоа: визуелни уметности, архитектура и дизајн - 58 проекти, со вкупно 7.550.000 денари; фолклор, музичка и музичко-сценска дејност - 218 проекти, со вкупно 48.265.000 денари; драмска дејност - 31 проект со вкупно 13.350.000 денари; интердисциплинарни проекти - 180 проекти со вкупно 33.633.000 денари; заштита на недвижното, движното (библиотечна дејност, музејска дејност, заштита на аудиовизуелни добра) и нематеријалното културно наследство - 59 проекти со вкупно 6.340.000 денари и меѓународна соработка - 113 проекти, со вкупно 22.943.636 денари. | 132.081.636 денари | |
| 28.2. Воспоставување на функционален и долгорочен механизам за финансирање на активностите од Програмата за заштита на населението од ХИВ кои ги спроведуваат граѓанските организации | 1. Формирање на работна група за подготовка на предлог решенија за воспоставување на функционален и долгорочен механизам за финансирање на активностите за ХИВ наменети за клучните популации кои ги спроведуваат граѓанските организации<br>2. Изготвени предлог решенија за подготовка, измени и/или дополнувања во релевантните закони и подзаконски акти и процедури за да се воспостави функционален и одржлив механизам на долг рок за финансирање на активностите за ХИВ<br>3. Изготвени стандарди за услуги за превенција и поддршка поврзана со ХИВ помеѓу клучни популации кои ги нудат граѓанските организации | МЗ | | IV/2018 | Во тек | 1.Во Министерството за здравство формирана е работната група за подготовка на предлог решенија за воспоставување на функционален и долгорочен механизам за финансирање на активностите за ХИВ наменети за клучните популации кои ги спроведуваат граѓанските организации.<br>2. Започнат е процес за изготвување на предлог решенијата за подготовка, измени и/или дополнувања во релевантните закони и подзаконски акти и процедури за да се воспостави функционален и одржлив механизам на долг рок за финансирање на активностите за ХИВ. Работната група изготви предлог решение во новиот предлог Закон за здравствена заштита што беше доставено, претставено и одобрено на средбата одржана на 12.2.2019, помеѓу преставници на Кабинетот на министерот за здравство и претставници на Комисијата за ХИВ, вклучително и граѓанските организации. Изработката на подзаконските акти е во тек и се очекува да биде финализиранадо крајот на 2019.<br>3. Во тек е изготвувањето на стандарди за услуги за превенција и поддршка поврзана со ХИВ помеѓу клучни популации кои ги нудат граѓанските организации (стандардите ќе бидат финализирани до крајот на 2019 поради неколку сеопфатни и паралелни процеси во оваа област во која се вклучени претставници од институции и организации за кои е потребно да се планира подолг временски период за финализирање (законски измени, подготовка на подзаконки акти, подготовка на стандарди). Во тек е изработка на нов Закон за здравствена заштита. Предлог решенијата од работната група ќе бидат инкорпорирани во новиот закон во делот на препознавање на граѓанските организации како даватели на услуги од областа на превенцијата и јавното здравје. Во работната група се вклучени претставници на здруженијата на пациенти за Дијабетес, Хемофилија, Нарушување на растот, Кронова болест и улцерозен колитис и ХМЛ и пулмонална хипертензија; Коалиција за здравствени и сексуални права на маргинализираните заедници Маргини, ХОПС Опции за здрав живот Скопје, ХЕРА, НВО КХАМ Делчево, Здружение Епилепсија Македонија, Хапар центар Битола, Живот со предизвици, Ретки болести и пациенти со ретки болести, Здружение за промоција и развој на инклузивно општество ИНКЛУЗИВА, Ресурсен центар за родители на деца со посебни потреби, Иницијатива 5 до 12, Церебрална парализа, Сојуз на здруженија на дијабетичари на Македонија. | | |
| 28.3. Вклучување на граѓанските организации во планирањето и развојот на мрежи за социјални услуги на локално ниво | 1. Број на граѓански организации кои учествуваат во процесот на креирање социјални планови на локално ниво<br>2. Број на граѓански организации даватели на социјални услуги кои учествуваат во мрежата за социјалните услуги на локално ниво<br>3. Број на општини во кои се воведени и се ажурираат социјални мапи со родово разделени податоци и анализа на социјалните, економските и демографските карактеристики на тамошните заедници, со цел креирање локални политики засновани врз опкружувањето и потребите на нивните жители | МТСП | | II/2020 | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 28.4. Подобрување на капацитетот на граѓанските организации за спроведување на проекти за обезбедување социјални услуги | 1. Број на одржани работилници за помош на граѓанските организации во процесот на аплицирање и спроведување проекти финансирани од локални, национални извори и извори од ЕУ<br>2. Број на јавни повици за финансирање на проекти на граѓански организации за обезбедување на социјални услуги<br>3. Број на граѓански организации даватели на социјални услуги кои успешно спровеле проекти финансирани од локални, национални извори и извори од ЕУ | МТСП | | III/2020 | Во тек | 1. Во рамки на ИПА проектот „Поддршка на модернизацијата и деинституционализацијата на социјалните услуги“ ќе се одржат обуки за градење на капацитетите на граѓанските организации, даватели на социјални услуги за лица со попреченост и други ранливи групи.<br>2. Согласно Закон за социјална заштита Министерството за труд и социјална заштита објави Јавен повик за организирано живеење со поддршка,како и јавни повици за поддршка на проекти за социјална заштита и тоа: реинтеграција на бездомници, заштита на деца на улица, заштита на деца во ризик, специјализирани услуги за жртви на семејно насилство, програмски активности на национални инвалидски организации и програмски активности на Црвениот крст на РМ. Повикот за грантови за поддршка на деинституционализацијата ќе се објави во текот на вториот квартал на 2019. Се очекува да се финансираат 3-5 грант проекти.<br>3.Успешно реализирани проекти за социјална заштита на избраните 3 здруженија, како и специјализирани услуги за жртви на семејно насилство од страна на 3 провајдери. Програмски активности на Национален совет на инвалидски организации и 7 национални инвалидски организаии, како и програмски активности на Црвен крст на РМ. Согласно Програмата за персонална асистенција успешно е реализирана услугата од страна на 4 провајдери (Црвен крст - ОО Струга, Струмица, Куманово, Битола, Неготино, Гостивар), здружение Хуманост, Здружение Инклузива, Здружение студенти и младинци со хендикеп Скопје. Склучени се договори за меѓусебна соработка и финансисрање на програмките активности на Национален совет на инвалидски организации и 7 национални инвалидски организаии, програмски активности на Црвен крст на РМ, како и 4 избрани здруженија за давање на специјалирияни услуги за жртви на семејно насилство. Од 1.1.2019 финансиски е поддржана услуга во Центар за социјална рехабилитација на лица кои употребуваат, односно злоупотребуваат дрога и други психотропни супстанции и прекурзори, преку Програма за социјална ресоцијализација во терапевтска заедницаобезбедена од страна на избрано здружение врз основа на Јавен конкурс. Во првиот квартал на 2019објавени се јавни повици согласно Законот за социјална заштита во однос на реализација на: Проект на здружение за социјална заштита на деца на улица, Проект за психо - социјална поддршка на деца во социјален ризик, Проект за обезбедување пристап до безбедно сместување до 1 година во специјализирано засолниште за жртви на родово базирано насилство врз основ на сексуална ориентација и родов идентитет, Проект на здружение за спроведување на ран третман на деца со АСН (аутистичен спектар на нарушувања) , Проект на здружение за индивидуален третман на корисници во Дневен центар за деца со попреченост во менталниот или телесниот разво, како и обезбедување на услуга во Центар за лица жртви на трговија со луѓе и жртви на сексуално насилство. Програмата за персонална асистенција е проширена во две дополнителчни општини (Тетово и Велес) во кои услугата се реализира од страна на 3 провајхдери (ОО на ЦК Велес, Здружение за лица со церебрална парализа Велес, како и здружение Хендимак Тетово). | ИПА проект - 1.300.000 евра<br><br>Повик за грантови 1.770.000 евра/ За организирано живеење со поддршка вкупно 18.576.000 денари. За персонална асистенција вкупно 14.000.000 денари за 4 провајдери. Средства за национални инвалидски организации, здруженија за борба против семејно насилство и Црвен крст на РМ 70.000.000 денари. Проекти за здруженија од социјална заштита 970.000 денари | |
| **МЕРКА 29: Подобрување на правната рамка за промовирање и развој на волонтерството** | | | | | | | | |
| 29.1. Усвојување на Стратегија за промовирање и развој на волонтерството | 1. Формирана е работна група во која учествуваат претставници од граѓанскиот сектор за подготовка на Стратегија за промовирање и развој на волонтерството<br>2. Подготвена е и објавена оценка на претходната Стратегија<br>3. Спроведени се сеопфатни јавни консултации за Стратегијата за промовирање и развој на волонтерството<br>4. Усвоена е Стратегијата за промовирање и развој на волонтерството | МТСП | | II/2019 | | | | |
| 29.2. Измени на Законот за волонтерство со цел зголемување на граѓанскиот ангажман и волонтерство | 1. Формирана е работната група за подготовка на измени на Законот за волонтерство<br>2. Спроведени се јавни консултации за измени на Законот за волонтерство<br>3. Подготвени се измени на Законот за волонтерство<br>4. Изработена е методологија за собирање податоци за бројот на организации на волонтери, волонтери и други сродни податоци<br>5. Подготвени се и објавени годишни извештаи за волонтерството | МТСП | | I/2020 | | | | |
| **МЕРКА 30: Поттикнување на волонтерски активности и финансиската поддршка за граѓанските организации кои го промовираат волонтерството** | | | | | | | | |
| 30.1. Организирање на промотивни активности за зголемување на волонтерството кај граѓаните | 1.Број на спроведени активности годишно за промоција на волонтерството кај граѓаните<br>2.Број на граѓани кои се активни во заедницата и работат како волонтериво здруженија/фондации и институции | НСПРВ | | IV/2019<br>Постојано | | | | |
| 30.2. Градење на капацитетите на граѓанските организации за спроведување на програми и проекти за волонтерство | 1. Број на јавни повици за финансирање на проекти на граѓанските организации кои поттикнуваат волонтерство<br>2. Број на успешно спроведени проекти за поттикнување на волонтерството финансирани од локални, национални извори и извори од ЕУ<br>3. Број на волонтери вклучени во проектните активности | НСПРВ | | IV/2019 | Во тек | 1.Агенцијата за млади и спорт во четвртиот квартал 2018 објави Јавен повик за финансиска поддршка на младински организации. На повикот аплицираа 60 проекти, а се финансирани 8 проекти во кои се промовира волонтерството. 2.Проектите ќе се реализираат во период од шест месеци во 2019. | 2,000,000 денари, за 8 проекти | |
| **МЕРКА 31: Измена на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности за олеснување на донирањето кон граѓанските организации** | | | | | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 31.1. Спроведување јавни консултации за подобрување на правната рамка за приватни донации (преку Законот за донации и спонзорства во јавните дејности или преку воведување намалување на даночната стапка во сегашните даночни закони) | 1. Број на одржани јавни консултации и тркалезни маси<br>2. Број на граѓански организации вклучени во јавните консултации<br>3. Број на одржани координативни состаноци на надлежните институции<br>4. Одржана е тематска седницана Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор<br>5. Објавен е извештајот од јавните консултации | МП | МФ, Совет | IV/2018 | Во тек | 1. Во Министерството за правда во тек се консултации и активности со граѓанскиот сектор за формирање на работна група за изменување и дополнување на Законот за донации и спонзорства. Одржана е средба на министерката за правда со претставници на Здружението Конект Скопје. Во рамките на проектот „Промени за одржливост“ финансиран од Европската Унија се одржаа три локални форуми за консултации во Битола, Тетово и Велес на 21.12.2018, 15.01.2019 и 29.01.2019 соодветно.<br>Во рамките на истиот проект се одржа Конференција за закони по мерка на граѓанските организации (вклучително и измени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности), одржана на 23.4.2019 година и Конференцијата за меѓусекторски партнерства - Граѓанските организации посилни со бизнисите и граѓаните, одржана на 31.5.2019 година. На двете конференции учество земаа претставници на Одделението за соработка со невладини организации.<br>2. Во рамки на настаните се дискутираа измените на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности од вкупно 81 претставници на граѓански организации и 4 претставници на локални институции. Локални експерти на проектот и Здружението Конект работат на предлог измени на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности. Вклучена е и меѓународна експертиза. Во овој процес се земаат предвид анализите на Здружението Конект (Коментари на Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, Компаративен преглед на различни прашања поврзани со Законот, Анализа на трошоци и придобивки од даночните поттикнувања на Законот, Рамка за спроведување и следење на Законот, Упатство за спроведување на Законот, Анализа на спроведувањето на Законот 2007-2011), одржаните широки консултации со граѓански организации и со други чинители.<br>3. Одржан еден состанок во Министерството за правда.<br>5. Извештаите од форумите се објавени на www.konekt.org.mk. | | |
| 31.2. Усвојување на измени на правната рамка врз основа на спроведените јавни консултации | 1. Усвоени се измени на правната рамка<br>2. Воведени се дополнителни даночни олеснувања за активности поврзани со донации и филантропија од приватниот сектор | МП | МФ | IV/2018 | Доцни | Поврзано со 31.1 | | |
| 31.3. Мониторинг на донациите од приватниот сектор | 1. Ревидирани се обрасците за даночните пријави за приватниот сектор (како и тие за поединци - граѓани) со цел да содржат и податоци за донациите до граѓанските организации<br>2. Годишно се објавува извештај за даночни олеснувања кај приватниот сектор (вклучително и за поединци - граѓани) поради обезбедени донации на граѓанските организации | МФ | | I/2019 | Реализирано | Во декември 2018 се донесе Правилникот за формата и содржината на пополнетата годишна даночна пријава за утврдување на персоналниот данок на доход, начинот на доставување на пополнетата годишна даночна пријава од страна на органот за јавни приходи и начинот на потврдување од страна на даночниот обврзник ,во прилог на кој беше пропишан образецот на годишната даночна пријава „ПДД-ГДП“. Во пријавата, полето кое се однесува на дадените донации се наоѓа по полето за вкупно пресметаниот годишен данок, така што износот на пресметаниот годишен данок се намалува за износот на дадените донации. | | |